ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО“

ЛОЗОВО

ПРОГРАМА
ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ
за учебната 2026/2027 година



1. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

Програмата за работа на директорот за учебната 2026/2027 година произлегува од Законот за основното образование, подзаконските акти, Годишната програма за работа на училиштето, Развојната програма на училиштето, резултатите од самоевалуацијата, потребите на учениците и вработените и приоритетите за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

Работата на директорот ќе биде насочена кон создавање училиште во кое се обезбедуваат квалитетна настава, еднакви можности за сите ученици, професионална и мотивирачка работна средина, инклузивност, безбедност, партнерство со родителите и заедницата и рационално користење на расположливите ресурси.

2. ГЛАВНА ЦЕЛ

Унапредување на квалитетот на работата на училиштето преку ефикасно педагошко, организациско, кадровско, финансиско и законито раководење, со фокус на подобрување на ученичките постигања, позитивна училишна клима, инклузивност и партнерство со родителите и локалната заедница**.**

3. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

1. Подобрување на квалитетот на наставата и ученичките постигања.
2. Следење на реализацијата на наставните програми и унапредување на педагошката работа.
3. Развивање позитивна училишна клима, професионална комуникација и тимска работа.
4. Обезбедување поддршка за учениците со различни образовни потреби и ранливите категории ученици.
5. Зајакнување на соработката со родителите и локалната заедница.
6. Поттикнување на професионалниот развој и мотивацијата на вработените.
7. Рационално, транспарентно и одговорно управување со финансиските и материјалните ресурси.
8. Унапредување на дигитализацијата, иновациите и примената на современи образовни пристапи.
9. Развивање на партнерства, проекти и меѓународна соработка.
10. Обезбедување законитост, навременост, транспарентност и квалитет во административното работење.

4. КЛУЧНИ ПОДРАЧЈА НА РАБОТА

Подрачје	Приоритетни активности	Очекуван резултат
1. Водство	Планирање, координирање и следење на работата; поставување јасни приоритети; тимско донесување одлуки; следење на реализацијата на ГПР и Развојната програма	Ефикасно и насочено раководење
2. Човечки ресурси	Следење на работата на вработените; распределба на задачи; професионален развој; менторство и поддршка; унапредување на тимската работа	Мотивиран и професионален кадар
3. Педагошко раководење	Следење на наставата; анализа на постигањата; поддршка на наставниците; инклузија; следење на ученици со тешкотии; развој на воннаставни активности	Подобрен квалитет на наставата и ученичките постигања
4. Финансиско раководење	Планирање и следење на буџетот; приоритетно инвестирање; набавки; обезбедување дополнителни ресурси и донации	Рационално и транспарентно користење на средствата
5. Законито и административно работење	Следење на законските обврски; донесување акти и одлуки; водење документација; роковно работење; подготовка на извештаи	Законито, навремено и уредно работење

5. ПРИОРИТЕТНИ РЕЗУЛТАТИ ДО КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

- редовно следена реализација на наставата и Годишната програма;
- воспоставен систем за следење на ученичките постигања;
- реализирани активности за подобрување на професионалната комуникација и училишната клима;
- реализирани активности за поддршка на учениците со тешкотии и учениците со посебни образовни потреби;
- зголемена соработка со родителите;
- реализиран план за професионален развој на вработените;
- подобрени услови за учење и работа;
- унапредена опременост на училиштето согласно утврдените приоритети;
- навремено и законито реализирани административни, финансиски и педагошки обврски;

ОПЕРАТИВЕН – МЕСЕЧЕН ПЛАН НА ДИРЕКТОРОТ

Месец	Конкретни активности	Носители/ соработници
Септември	Организација на почетокот на учебната година; проверка на кадровската и просторната обезбеденост; координација на ГПР; распределба на задолженија; изработка на распоред; формирање тимови/комисии; состаноци со вработените; анализа на потребите на учениците; организација на поддршка за ученици со ПОП; следење на почетната реализација на наставата.	Директор, стручна служба, наставници
Октомври	Следење на наставата и педагошката документација; индивидуални/тимски состаноци со наставници; анализа на почетните ученички постигања; активности за позитивна училишна клима; состаноци со Совет на родители; следење на работата на подрачните училишта	Директор, стручна служба, активи
Ноември	Стручни увиди во наставата; анализа на успехот и изостаноците; идентификација на ученици со потреба од дополнителна поддршка; следење на дополнителна и додатна настава; координација на секции/клубови; активности со родители; следење на реализацијата на развојните приоритети	Директор, стручна служба, наставници
Декември	Анализа на успехот и поведението во првото тримесечје; анализа на изостаноците; состаноци со наставнички/одделенски совети; проценка на реализацијата на ГПР; утврдување мерки за учениците со послаб успех; следење на инклузивната практика; анализа на финансиската реализација	Директор, стручна служба, наставници
Јануари	Анализа на резултатите од првото полугодие; изработка на извештаи; утврдување приоритети за второто полугодие; корекција на планови доколку е потребно; анализа на кадровските потреби; планирање на професионален развој; состаноци со тимовите	Директор, стручна служба, тимови
Февруари	Следење на квалитетот на наставата; стручни увиди; анализа на напредокот на учениците со тешкотии; следење на работата на инклузивниот тим; активности за превенција од насилство и дискриминација;	Директор, стручна служба, наставници
Март	Анализа на ученичките постигања; анализа на реализацијата на дополнителната/додатната настава; следење на воннаставните активности; активности за професионален развој; подготовка и/или реализација на проекти;	Директор, наставници, стручна служба
Април	Следење на подготовките за завршните проверки/тестирања; анализа на учениците со ризик од слаб успех; следење на реализацијата на Развојната програма; планирање на потребните инвестиции и набавки за следната година.	Директор, стручна служба, наставници
Мај	Следење на реализацијата на наставните програми; анализа на постигањата; поддршка на учениците во завршните одделенија; кариерно советување и соработка со средни училишта; планирање на кадровските и материјалните потреби за 2027/28;	Директор, стручна служба, наставници
Јуни	Завршна анализа на успехот, изостаноците и поведението; анализа на реализацијата на ГПР; евалуација на	Директор, стручна служба, тимови

	приоритетите; анализа на работата на вработените; извештаи до органите на училиштето; подготовка на годишен извештај	
Јули	Административно и финансиско затворање на учебната година; анализа на материјалните потреби; планирање на набавки и инвестиции; подготовка на документација за следната учебна година; кадровско и организациско планирање	Директор, секретар/администрација, сметководство
Август	Подготовка за новата учебна година; организација на наставата и распоредот; распределба на задолженија; подготовка на акти и планови; проверка на условите за работа; координација со вработените; финална подготовка на ГПР за 2027/28	Директор, стручна служба, наставници

6. КОНТИНУИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛАТА ГОДИНА

Во текот на целата учебна година директорот:

- ја следи редовноста и реализацијата на наставата;
- врши педагошко-инструктивен увид и обезбедува советодавна поддршка;
- следи успех, изостаноци, поведение и напредок на учениците;
- следи реализација на дополнителна, додатна и воннаставна работа;
- обезбедува поддршка на инклузивниот процес;
- ја следи безбедноста и психосоцијалната благосостојба на учениците;
- одржува редовна комуникација со стручната служба, наставниците, учениците и родителите;
- го следи професионалниот развој на вработените;
- поттикнува тимска работа и споделување добри практики;
- ја следи реализацијата на финансискиот план и јавните набавки;
- се грижи за одржување и унапредување на училишната инфраструктура;
- развива соработка со Општината, институциите, невладиниот сектор и други партнери;
- иницира и координира проектни и донаторски активности;
- обезбедува навремено и законито административно работење;
- ја следи реализацијата на мерките од самоевалуацијата и Развојната програма;

7. НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Реализацијата на Програмата ќе се следи преку:

- месечни оперативни состаноци;
- записници и извештаи од органите и тимовите;
- педагошки увиди;
- анализа на ученички постигања и изостаноци;
- извештаи од стручната служба и координаторите;
- анкети и повратни информации од ученици, родители и вработени;
- финансиски и административни извештаи;

Директор:
Горанче Велков Септември, 2026

Прилог бр. 2

Годишна програма за работа на помошник директор

Помошник директорот на училиштето помага на директорот во непосредно организирање на работата во училиштето. Тој остварува континуирана соработка со стручните служби (педагог, психолог, дефектолог, библиотекар), Наставнички совет, Совет на родителите, Училишниот одбор и сите останати тела и структури кои делуваат во училиштето како и самата Општина. Во остварување на своите обврски и работењето ги има следните задолженија:

• Се грижи за благовремено извршување на работата во училиштето;

• Се грижи за навремено изготвување на Годишната програма и нејзино успешно реализирање;

• Соработува со подрачните училишта во с.Каратманово, с.Дорфулија, с.Милино и с.Сарамзалино;

• Помага на директорот во подготвувањето на седниците на стручните органи на училиштето;

• Во отсуство на директорот раководи со целокупната организација и работа на училиштето;

• Води грижа за подобрување на условите за работа и непречено вршење на дејноста на училиштето;

• Соработува со други училишта со цел унапредување на наставата и воннаставната дејност во училиштето;

• Кога има потреба врши воспитно – образовна работа;

• Ја следи работата на стручните активи;

• Се грижи за законитоста во работењето на училиштето и нивно спроведување;

• Соработува со педагошко – психолошката служба, одделенските раководители и останатиот воспитно наставен кадар, со родителите на учениците како и пошироко;

• Врши увид на успехот, изостаноци и поведение на учениците, доставува извештаи за потребите на Општината, БРО, МОН и други научни и социјални институции;

• Води грижа за редот и дисциплината во училиштето и нивно одржување;

Помошник директорот на училиштето може да врши и други работи во делот на воспитно – образовниот процес за кои ќе биде овластен од страна на директорот на училиштето, тој за своите работни задачи и обврски одговара пред директорот на училиштето.

Планирана програмска активност на работа	**Време на реализација**	**Реализатор**
• Соработка со наставниците при подготовка и реализација на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2026/27 год. • Организација за спроведување обуки за потребите на наставниците. • Општ увид за условите и просторот во училиштето за почетокот на учебната 2025/26 година. • Соработка со наставниците при подготовка и реализација на новата учебна година. • Соработка со наставниците при подготовка на забавна програма за учениците, училишна програма за почетокот на учебната година. • Учество во изготвување на распоредот за наставниците и за дежурни наставници. • Соработка со наставниците и родителите за подобра комуникација на наставник, родител и ученик.	август, септември, во текот на целата учебна година	помошник директор, одделенски и предметни наставници, стручна служба

• Учество на одделенски и наставнички совет		
• Соработка со подрачните училишта • Соработка со Општината и други институции. • Разговор со наставниците со цел давање на помош за одредени работи. • Советодавна работа со учениците, одделенската заедница и родителите на учениците, • Комплетирање на учебници за учениците, од страна на МОН. • Информирање на наставниците за планирани семинари, обуки и учество во проекти • Учество на Наставничи совет за првото тромесечие • Изработување на различни извештаи за потребите на институциите.	октомври ноември во текот на целата учебна година	директор, помошник директор, наставници,родители,ученици
• Подготовка за одржување на Одделенски и Наставнички совет • Увид во изготвувањето на полугодишниот извештај за работата на училиштето во првото полугодие од учебната 2026/27 година. • Соработка со наставниците при потреба и избор за примена на нови методи и техники	Декември Јануари февруари во текот на целата учебна година	директор,наставници, помошник директор, стручни соработници,ученици, технички персонал

во наставата. • Подобрување на хигиената во училиштето и одржување на чист училишен двор. • Избор на стручна литература за потребите на училиштето.		
• Планирање и координирање на работата на подрачните со централното училиште. • Унапредување на соработката на подрачните со централното училиште. • Соработка со други училишта преку организирање спортски и други активности по повод Патрониот празник на училиштето. • Увид во реализацијата на остварени родителски средби на наставниците со родителите. • Предлози за набавка на нагледни средства, материјали и слично за потребите на наставниците и учениците.	Март Април	Помошник директор, наставници, ученици преку организирање на спортски и други заеднички активности .
• Увид во запишување на првачиња за наредната 2026/27 година. • Анализирање на проблемите во воспитно-образовниот процес. • Контрола во организација и одржување на родителски средби. • Помош при избор и набавка на	Мај Јуни Јули во текот на целата учебна година	помошник директор,стручна служба, одделенски раководители, родители, технички персонал

учебници,стручна литература • Набавка на книги за наградување на учениците за постигнатиот успех во училиштето. • Непречена соработка на училиштето со Општината, БРО, МОН и други институции.		

Помошник директор: Тоде Николовски

ПРИЛОГ БР.3

ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО"
ЛОЗОВО



Вовед

Годишната програма за работа на училишниот психолог за учебната 25/26 година е изготвена врз основа на:

- *Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/5.8.2019)*
- *Законот за наставници и стручни соработници во основно и средно образование (Сл. весник на Република С. Македонија бр.161/5.8.2019),*
- *Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта,*
- *Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2025/26,*
- *Годишната програма за работа на училиштето 2026/27,*
- *Програмата за развој на училиштето за период од 2023 до 2027 година,*
- *Самоевалуацијата за работа на учиилиштето, 2026 година*
- *Програмите за следење, унапредување и стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар, наведени во Годишната програма за работа на училиштето,*
- *Личниот план за професионален развој, непосредни искуства од обуки, учество во проектни активности и размена и следење на искуства од колеги од земји учеснички во истите*
- *Посебни програми –прилози кон ГП за учебната 2065/27*
- *Правилник за начинот на следење на работата на стручните сотработници , компетенции за стручен соработник- ментор.*

*Оваа програма е прилагодена на **новото звање „стручен соработник - ментор“**, што подразбира зголемен обем на активности насочени кон менторство на колеги, водење училишни тимови и креирање стратегии на ниво на училиште. Исто така, во програмата се интегрирани **современите трендови** во психолошката практика, како што се употребата на вештачка интелигенција (AI) во образованието, напредни дигитални алатки за кариерно советување, фокус на дигиталната благосостојба (digital wellbeing) и менталното здравје на учениците, како и поддршка на меѓународни проекти (Erasmus+).*

Целите што пред себе си ги поставува психологот се следните:

- учество во создавање на оптимални услови за развој на учениците и реализација на воспитно-образовна работа,
- следење и поттикнување на развојот на учениците,
- развивање соработка со родителите-поддршка на родителите во зајакнувањето на нивните образовни компетенции,
- учество во следење и евалуација на воспитно-образовната работа,
- соработка со институции важни за работата на училиштето,
- поддршка за зајакнување на компетенциите на наставниците и нивниот професионален развој,
- следење и проценка на постигнувањето на стандарди на постигањата на учениците и предлагање мерки за подобрување,

Поспецифични цели и задачи што се планираат да се реализираат во текот на годината:

Менторство и поддршка на професионалниот развој во училиштето

- **Менторство на почетници:** Водење, следење и систематска поддршка на наставници-приправници и стручни соработници во нивната почетна фаза на кариера.
- **Интерни обуки и работилници:** Подготовка и реализација на напредни работилници за наставничкиот кадар
- **Водење на Тимот за професионален развој:** Координирање на изготвувањето на личните планови за професионален развој на наставниците и евалуација на ефектите од обуките.
- **Хоризонтална размена:** Организирање отворени денови кај психологот-ментор за размена на добри советодавни практики со колеги од регионот.

Работа со ученици и современи трендови

- **Дигитална благосостојба (Digital Wellbeing):** Реализација на работилници за учениците од VI до IX одделение на тема *„Влијанието на социјалните мрежи врз самодовербата и менталното здравје“* и *„Превенција на сајбер-насилство (Cyberbullying)“*.

- **Инклузија и поддршка во учењето:** Соработка со дефектологот за примена на иновативни и диференцирани пристапи во учењето, со посебен фокус на ученици со потешкотии во социјалната адаптација.
- **Работилници / советодавна поддршка - за емоционална интелигенција:** Развивање вештини за справување со стрес, контрола на импулсивноста и развивање емпатија.
- **Надарени ученици:** Идентификација на надарени и талентирани ученици преку современи психолошки мерни инструменти и насочување на наставниците за изработка на напредни менторски програми за нив.

Кариерно насочување и професионална ориентација

- **Дигитални кариерни алатки:** Воведување онлајн прашалници и дигитални профили за самопроцена на интересите и преносливите компетенции кај учениците од VIII и IX одделение.
- **Кариерно советување:** Индивидуални и групни советувања со ученици за правилен избор на средно образование, базирано на пазарните трендови (технологија, зелени професии, инженерство).
- **Индустриски партнерства:** Организирање „Живи библиотеки“ и реални контакти со бизнис секторот и современите професии.

Соработка со родители

- **Училиште за родители:** Организирање едукативни средби на теми како *„Баланс помеѓу екраните и реалниот живот“*.
- **Советување во кризни состојби:** Навремена психосоцијална поддршка на семејства во криза (разводи, загуби, трауми) со цел заштита на емоционалниот развој на ученикот.
- **Поддршка на учениците од страна на родителите при избор на идни образовни патеки –** вклучувањ на родителите во ПО

Аналитичко-истражувачка работа и проекти

- **Истражување на училишната клима:** Спроведување на дигитална анкета за степенот на безбедност и прифатеност на учениците во училиштето.
- **Erasmus+ проекти:** Активно учество во координација и менторство во тековните проекти „Green languages“, “Dreams Without Borders: Rural Learning in the Digital Age”и подготовка на нови апликации за повикот во октомври 2026 и март 2027 г.

ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН

ПОДРАЧЈА НА ДЕЛУВАЊЕ	ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА
Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа	VIII - X
Работа со ученици	IX - VI
Соработка со наставниците	VIII - VI
Соработка со родителите	X - VI
Педагошка евиденција и документација	IX - VI
Соработка со локалната заедница	IX - VI
Аналитичко-истражувачка работа	X - VII
Професионален развој и професионална соработка	IX -VI
Училишна структура, организација и клима	IX- VI

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ – МЕНТОР ПО ПОДРАЧЈА НА КОМПЕТЕНЦИИ

Подрачје 1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

1.1. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО

- Ја проценува подготвеноста на учениците за вклучување и напредување во образовниот систем
- Ги идентификува различните образовни потреби на учениците и користи различни пристапи во помагањето на учениците во користење на соодветната стратегија и техника во учењето.
- Обезбедува сите ученици да имаат еднакви можности за успех користејќи приоди за подобрување на учењето базирани на најновите научни сознанија.

1.2. СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

- Применува индивидуална и групна форма на работа со учениците
- Идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците.
- Развива стратегија за поддршка на развојот на учениците, прилагодена на специфичните можности, потреби и интереси на ученици и спецификите на самото училиштето.

1.3.ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Избира и користи соодветни методи и инструменти за професионална ориентација и советување за кариерно насочување на ученици.
- Го унапредува процесот на професионална ориентација и кариерно насочување во училиштето.

Подрачје 2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

2.1. ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

- Дава стручна поддршка во планирање на наставата/изготвување на индивидуален образовен план.
- Дава насоки на наставниците како да ги користи резултатите од оценувањето за подобрување на планирањето, поучувањето, вреднувањето и учењето.
- Дава поддршка во спроведување на проектни активности и воннаставни активности со кои се подобрува квалитетот на наставата.
- Им помага на наставниците да избираат и изготвуваат инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците и соодветно да ги користат или им помага на наставниците при планирањето да водат грижа за социјалните и културните карактеристики на средината и семејствата на учениците
- Промовира современи и иновативни приоди во реализацијата на воспитно - образовна работа.

2.2. ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

- Им помага на наставниците во изборот на соодветни методи, активности и содржини за соработка со родителите.
- Дава поддршка на наставниците за користење на индивидуализација и диференцијација во наставата, во додатната и дополнителната настава и воннаставните активности.
- Дава помош на наставникот во справување со непочитувањето на правилата и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците.
- Им помага на наставниците во препознавање и работа со различни ученици според можностите, потребите и интересите.
- Придонесува за создавање стимулативна и поттикнувачка средина за учениците во училиштето.
- Создава клима на прифаќање на различностите и конструктивно справување со кризни состојби.

Подрачје 3. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

3.1. ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА, КОНСУЛТАЦИИ И ЕДУКАЦИЈА СО РОДИТЕЛИТЕ

- Ги идентификува потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и дава соодветна поддршка на семејството.
- На родителите на децата со посебни образовни потреби им помага да ја разберат и прифатат состојбата на нивните деца и да им ја дадат потребната помош и поддршка.
- Им помага на родителите да развијат вештини поквалитетно да го поттикнат развојот и учењето на своето дете почитувајќи ги современите трендови за родителство.
- Соодветно реагира на конфликтни ситуации на релација родител - училиште.
- Предлага начини за подобрување на информирањето на родителите од страна на училиштето.

3.2. ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Предлага и учествува во активности за подобрување на соработката на училиштето со семејството.

Подрачје 4. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

4.1. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

- Придонесува вредностите на културите во заедницата да се рефлектираат во сите аспекти на работата на училиштето.
- Иницира и развива партнерска соработка со заедницата за прашања релевантни за образованието во заедницата.

Подрачје 5: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

5.1. ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

- Соработува со стручните соработници и со професионални здруженија во и надвор од училиштето.
- Ги идентификува потребите за личен професионален развој користејќи ги стандардите и резултатите од саморефлексија на сопствената работа.
- Стекнатите знаења преку стручно усовршување (формалното, неформалното и информалното образование и учење) ги користи за унапредување на сопствената пракса.
- Изготвува инструменти за рефлексија и самоевалуација и ги споделува искуствата од сопствениот професионален развој и професионална практика.

5.2. ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

- Планирањето на професионалниот развој го поврзува со потребните компетенции на наставниците и стручните соработници и промовира доживотно учење.
- Придонесува за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето преку реализирање разни форми на обуки и поддршка.
- Воспоставува систем на професионален развој на воспитно – образовниот кадар во училиштето.

Подрачје 6: АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

6.1. АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

- Поврзува, обработува и анализира различни податоци за воспитно образовната работа и извлекува заклучоци.
- Придонесува да се воспостави систем за редовни анализи на одделни воспитно-образовни прашања во училиштето.
- Ги интерпретира резултатите од анализите и известува за нив.
- Се залага резултатите од анализите да се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес.

6.2. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

- Прави избор и изработка на мерни инструменти и ги користи истите.
- Спроведува истражувања на прашања актуелни за училиштето, процесот на учење и за учениците.
- Ги користи резултатите од истражувањата во сопствената практика.

Подрачје 7. УЧИЛИШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, СТРУКТУРА И КЛИМА

7.1. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА

- Го следи воспитно-образовниот процес и предлага мерки за унапредување.
- Користи инструменти за следење и ги интерпретира добиените сознанија за следениот час; развива стратегии за подобрување на наставата;
- Учествува во процесот на опфаќање на училишните обврзници и формирање на паралелките.
- Ги следи и анализира промените во образованието и ги користи при градење на образовни политики во училиштето.
- Резултатите од евалуацијата на работата на училиштето ги користи за подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

7.2. УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

- Развива стратегии за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и соработка и демократско учество на учениците во училиштето
- Ги идентификува можните закани по безбедноста кои се специфични за училиштето
- Создава позитивна и недискриминаторска училишна клима и комуникација.
- Практикува начини за справување со кризни ситуации во училиштето
- Развива стратегии за создавање безбедна и стимулативна средина за учење.
- Го осмислува процесот на кризна интервенција во училиштето.

МЕСЕЧНО ПЛАНИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ

Содржина на работа	Соработници
ТЕКОВНО	
Организирање–реализирање на различни видови индивидуална и групна работа со учениците за прашања поврзани со учење, когнитивен развој	педагог, наставници
Идентификување на потребите за поддршка во учењето-мотивација за учење	педагог, наставници,дефектолог
Работилници и индивидуални консултации за учење-релевантни за подобрување на учењето	педагог, наставници,
Следење и поддршка на социо-емоционалниот развој на учениците	Наставници, родители
Поддршка на учениците во справување со кризни ситуации (болест, смрт, развод, насилство)/психолошка прва помош во време на светска здравствена криза	Наставници, родители
Работилници и други активности за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје(зависност, диети, справување со стрес, справување со насилство, дискриминација, асоцијално однесување)	Наставници, соработници од други институции, организации
Идентификување и поддршка на ученици со посебни образовни потреби	дефектолог, педагог, наставници, стручни лица од други установи- институции, центри, Завод за ментално здравје, клиника за детска и младинска психопатологија
Запознавање на наставниците со учениците со посебни образовни потреби и со видот на нивната попреченост	
Помош и поддршка на наставниците за примена на индивидуализиран пристап во работата со истите	
Советодавна работа со овие ученици и нивните родители	

Помош и поддршка на наставниците за индивидуален пристап во работата со надарените ученици на часовите и нивно вклучување во додатна настава и воннаставни активности –учество на натпревари	педагог,
Задавање на психолошки мерни инструменти-за карактеристики на надарени	стручни лица од релевантни институции
Советодавна работа со овие ученици и следење на нивните индивидуални постигања	
Идентификување и евиденција на ученици со потешкотии во учењето поради: ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат или се жртви на насилно однесување, деца со емоционални потешкотии и слаба мотивација и ученици со несоодветно однесување, родителска негрижа, семејни проблеми нивното напредување	наставници,директор педагог, лица од други институции-установи
Следење на напредокот и постигањата на учениците во рамки на слободни ученички активности	
Инструктивно- советодавна работа со овие ученици и нивните родители	
Поттикнување-поддршка на учениците за учество во воннаставни активности(слободни ученички активности, проекти)	
Соработка со наставниците за целите на формирани училнишни тимови и комисии (Професионален развој, Инклузивен тим, Проектни тимови)	
Поддршка на наставниците при реализација на воннаставни активности	
Соработка со наставниците во врска со советување ученици и родители и следење на изрекување на педагошки мерки	
Поддршка за поттикнување на професионалниот развој и соработка на наставниците- спроведување обуки од интерес за унапредување и внесување на иновации во воспитно-образовната работа	
Соработка со Советот на родители	
Соработка со родители на ученици вклучени во Erasmus + проекти	наставници Erasmus тимови
Советодавна помош-психосоцијална и емоционална поддршка во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста на ученици	
Водење на лична евиденција и документација- за сопствената работа	Директор, Комисија за контрола на водење на педагошка евиденција, наставници, педагог
Водење евиденција за изречени пофалби и педагошки мерки на учениците	

Соработка со МОН, БРО, Државен просветен инспекторат, здравствени установи, Центар за социјална работа, Институции од областа на безбедност, истражувачки организации, граѓански здруженија.	Советници, просветни инспектори, колеги психолози, педагози, социјални работници, и др.соработници
Соработка со други основни и средни училишта од регионот	
Размена на искуства со психолозите од основните училишта од државата	
Меѓународна соработка на европски проекти/Erasmus+ програми Соработка со партнер училишта во Erasmus + проекти	Партнер училишта
Континуирано следење на стручна литература во доменот на делување	/
Перманентно стручно усовршување преку посети на семинари, обуки, советувања, конференции организирани од страна на МОН, БРО и др.институции, невладини организации (on line обуки, вебинари)	
Учество и организирање на интерни обуки и работилници во училиштето	Обучувачи, советници, наставници
Внесување нови приоди во сопствената работа и вршење проценка на нивната ефективност	
Евидентирање на личниот професионален развој-професионално досие	
Водење документација за професионалниот развој на наставниците- Тим за професионален развој	педагог, тим за професионален развој
Следење на потребите од професионален развој на воспитно-образовниот и раководен кадар, поттикнување на учество во обуки, семинари, дисеминации, работа на проекти.	тим за професионален развој на училиштето
Работа на проекти со Тимот за работа на проекти за привлекување инвестици и подобрување на училишната инфраструктура и проекти за унапредување на ВОР	Директор, Тимот за работа на проекти
Следење на ефектите и поддршка на наставниците во спровведување на планот за подобрување на читачки вештини/ јазична писменост на учениците	Во текот на годината

МЕСЕЧЕН ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА РАБОТА (КЛУЧНИ МЕНТОРСКИ АКТИВНОСТИ)

Месец	Клучни активности на психологот - ментор	Соработници
Август / Септември	- Изготвување на Годишната програма за работа. - Формирање и менторско насочување на училишните тимови (Тим за професионален развој, Инклузивен тим). - Почеток на следењето на адаптацијата кај учениците од 1 и 6 одделение.	Директор, Тим за ПР, Педагог
Октомври	- Психолошки работилници по повод Детската недела. - Обука за наставниците: Формативно и сумативно оценување - Започнување на процесот на идентификација на надарени ученици.	Наставници, Педагог , ТПР
Ноември	- Прв циклус на посета на часови кај наставници-почетници и давање менторски насоки. - Координација на меѓународна Erasmus+ мобилност - Анализа на успехот и поведението по првиот класификационен период. - Работилници за ученици: „Дигитална безбедност и сајбер-насилство“.	Директор, Наставници, Родители
Декември	- Индивидуални советувања со ученици со потешкотии во учењето. - Работилница за родители.	Педагог, Наставници
Јануари	- Изготвување Полугодишен извештај за работата на училиштето. - Менторска средба со наставниците за ревизија на ИОП.	Наставнички совет, Дефектолог , педагог - ИТУ
Февруари	- Работилници за кариерно насочување и преносливи вештини во VIII и IX одделение. - Спроведување на истражување за училишната клима и менталното здравје кај учениците.	Одделенски раководители
Март	- Втор циклус на менторски посети на часови кај наставниците. - Групни консултации со родители на тема: „Професионална ориентација на деветоодделенците“.	Директор, Педагог, Родители

Април	- Тестови и прашалници за професионален избор. - Подготовка на документацијата и известување за упис на првачиња. - Координација на меѓународна Erasmus+ мобилност	Комисија за упис, Проектен тим
Мај	- Реализација на уписите во прво одделение (психолошко интервју и опсервација). - Саем на кариери во училиштето (презентација на средни стручни училишта и компании).	Уписен тим, Средни училишта
Јуни / Јули	- Финални анализи за успехот и поведението на учениците. - Подготовка на Годишниот извештај за сопствената работа како ментор. - Менторска евалуација на напредокот на наставниците-приправници.	

Даниела Мијалковска

Психолог - ментор:

_____

Септември, 2026 година, Лозово

ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО“
ЛОЗОВО

ООУ „Методи Митевски – Брицо” Лозово
учебна 2026/27 година



Прилог бр.4

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГ УЧЕБНА 2026/2027 ГОДИНА

2026, Лозово

ВОВЕД

Училишниот педагог ја изработува Годишната програма за работа врз основа на законската регулатива односно Законот за основно образование, правилникот за начинот за работа, инструментот за вршење на инспекцискиот надзор на просветната инспекција, Годишен извештај за работа на училиштето од предходната учебна година 2025/26, Годишната програма за работа на ООУ „М.М-Брицо" Лозово за учебната 2026/2027 година и заклучните согледувања на стручните органи во училиштето.

Цели:

- ***училиштето да ги следи и унапредува постигањата на учениците***
- ***да се подобри квалитетот на наставниот процес***
- ***наставниците да имаат подобри и поквалитетни наставни планирања***
- ***училиштето да им дава поддршка на учениците за подобро функционирање***
- ***училиштето да се стреми кон подобрување на климата и односите во училиштето, како помеѓу учениците и наставниците така и помеѓу самите вработени во училиштето***
- ***добра соработка помеѓу наставниците и родителите што би придонело за подобро функционирање и подобри успеси кај учениците***
- ***добра соработка на училиштето со други образовни и необразовни институции како и со локалната самоуправа***
- ***постојано стручно усовршување на наставниците и пратење на новитетите во образованието како во земјата така и во светот.***

Наведените задачи ќе може да се реализираат преку обработка на содржините дадени во следните подрачја од работата:

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

ПЕДАГОГОТ првенствено дејствува во насока на креирање ефективна образовна практика и развивање соодветни техники и методи за подобрување на процесот на учење.Почитувајќи ги индивидуалните потреби и карактеристики на учениците, педагогот нив ги советува, едуцира и им помага да го подобрат начинот на учење и однесувањето.Тој практикува методи и средства за воспитна работа со учениците. Применува современи модели на педагошко водење во различни воспитни ситуации во училиштето. Реализира советодавно-воспитна работа со учениците за надминување на причините за проблемите во учењето и однесувањето.Им помага на учениците во изборот на слободните активности согласно нивните интереси.

II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

ПЕДАГОГОТ особено им помага на наставниците во: планирањето на наставните и воннаставните активности при што за основа ги зема претходните планирања и резултатите од постигањата на учениците, реализацијата на наставата со користење соодветни современи методи, форми, активности, средства/ресурси, оценувањето на учениците со цел да се поддржи учењето, водењето на педагошката евиденција и докумнетација, организирањето на родителските средби и самоевалуацијата на работата на наставниците.

III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

ПЕДАГОГОТ особено им помага на родителите во поглед на видот и начините за поддршка кои тие треба да му ги обезбедуваат на детето во процесот на учење, со цел тоа да ги развие и искористи своите потенцијали, како и во однос на воспитувањето на децата во домот (навики за учење, користење на слободното време, начини на комуникација со децата).

IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

ПЕДАГОГОТ во фокусот на соработката ги има образовните, здравствените, социјалните, научните, културните и други установи кои можат да придонесат за поквалитетно учење и развој на учениците.Соработува со научните и образовните институции на истражувања и воведување иновативни приоди во воспитно-образовната работа.

V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

ПЕДАГОГОТ има посебна улога во изготвувањето на програмата за работа на наставниците-приправници и во процесот на нивното менторирање. Педагозите, исто така, ги следат ефектите и водат документација за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар.

VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

ПЕДАГОГОТ првенствено го следи, анализира и истражува воспитно-образовниот процес сфатен во најширока смисла и врз основа на сознанијата од анализите и истражувањата предлага мерки за унапредување на наставата и другите облици на воспитно-образовната работа во институцијата.

VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

ПЕДАГОГОТ особена улога има во следењето и унапредувањето на наставата, начинот на водење на педагошката документација, работата со ученичката заедница, ученичките организации и клубови.

ДЕЈНОСТИ-ПОДРАЧЈА	ОРИЕНТАЦИОНО ВРЕМЕ
Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа во училиштето	**VIII - X**
Непосредно следење на воспитно - образовната работа во училиштето	**X - VI**
Советодавно-косултативна работа со ученици, наставници и родители	**X - VI**
Аналитичко – истражувачка работа	**X - VIII**

Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар	**X - VIII**
Водење педагошка евиденција и документација	**X - VI**

ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН

Компетенции кои треба да ги развива училишниот педагог:

1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

1.1. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО	
1.	Користење различни методи и инструменти за испитување на подготвеноста за вклучување на учениците во

	соодветното ниво на образование.
2.	Подготвување документи (планови, процедури, насоки, препораки) за идентификување на образовните потреби на учениците и за обезбедување соодветна поддршка.
3.	Организирање и реализирање различни видови индивидуална и групна работа со учениците за прашања поврзани со учењето, успехот, системот на вредности.
4.	Прибирање податоци за причините за неуспех (испитувања, интервјуа, дискусии).
5.	Информирање на родителите, наставниците и учениците и давање соодветни препораки.
6.	Користење различни методи и инструменти за идентификување на потребите од поддршка во учењето и самооценувањето.
7.	Планирање и давање непосредна поддршка на учениците во учењето.
8.	Идентификување на ученици со посебни образовни потреби.
9.	Соработка со колегите од инклузивниот тим во училиштето.

1.2. СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ	
1.	Поддршка на ученикот секогаш кога му е потребна (учениците се информирани за можностите за консултација).
2.	Прибирање информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата.
3.	Помагање на учениците да се справат со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство и слично).

4.	Информирање на учениците за воннаставните активности во училиштето.
5.	Прибирање информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата.
6.	Интервенирање при несоодветно однесување на учениците.
7.	Советување и следење на учениците преку поттикнување, спречување, убедување, уверување и разговор.
8.	Учествување и давање поддршка во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за реализација на слободните активности во училиштето.
9.	Учествување во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за учество во воннаставни активности.

2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

2.1. ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА	
1.	Организирање и реализирање активности (предавања, работилници) за актуелните програми и приоди во наставата.
2.	Следење на наставата и давање повратна информација (писмена или усна) на наставниците за различни аспекти кои се набљудувани.

3.	Правење увид во квалитетот на планирањата за настава и консултирање со наставниците за подобрување на истите.
4.	Организирање и реализирање активности (работилници, индивидуални консултации) со наставниците за планирање на наставата.
5.	Помагање на наставниците да ги земат предвид индивидуалните карактеристики и потреби на развојните периоди при планирање и реализирање на наставата.
6.	Реализирање активности (работилници, презентации, примери на добра практика, индивидуални консултации со наставници) за создавање стимулативна средина за учење.
7.	Набљудување на однесувањето на учениците од паралелката за време на настава и одморот и давање повратна информација на наставникот за подобрување на социоемоционалната клима во училницата.
8.	Упатување на наставниците како резултатите од оценувањето да ги земат предвид при идните планирања.
9.	Поддршка на наставниците за фер и објективно оценување.
10	Упатување на начините за избор и користење на различни извори на учење.
11.	Организирање и реализирање информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата.
12	Тимско работење на проекти.
13	Изработувњеа инструменти за самовреднување на наставата.

2.2. ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ	
1.	Давање насоки за работа со одделни групи и поединечни ученици.
2.	Поддршка на наставникот за работа со ученици во зависност од видот и специфичните потешкотии на конкретен ученик.
3.	Осмислување на постапки за подготовка и работа со паралелката во која има ученици од ранливи категории.
4.	Запознавање на наставниците со различни начини на кои учениците учат.

5.	Запознавање на наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици.
6.	Реализирање работилници за стекнување комуникациски вештини.
8.	Следење на комуникацијата во училницата и давање повратна информација на наставникот.
9.	Помагање на наставникот да ги согледа причините за несоодветното однесување, предлагање стратегии за надминување и заедно со наставникот следење на ефектите од преземените активности.
10.	Објаснување и демонстрирање на начините на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето.
11.	Предлагање или заедно со наставникот осмислување начини за поттикнување на посебните способности на надарените ученици.

3. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

3.1. ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ	
1.	Споделување на информациите за учењето и однесувањето на ученикот на соодветен начин со родителите.
2.	Информирање на родителите на децата со посебни образовни потреби за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и упатување до релевантни институции за помош.
3.	Реализирање индивидуални консултации со родителите за поддршка на децата со посебни образовни потреби.
4.	Организирање и спроведување групни и индивидуални советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување.
4. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА	
4.1. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА	
1.	Планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и воннаставни активности).
2.	Информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето.
3.	Вклучување во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница.
4.	Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и слично).
5.	Планирање, реализирање и следење активности кои промовираат интеркултурно образование.

5. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА	
5.1. ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ	
1.	Внесување иновации во сопствената работа и вршење проценка на нивната ефективност.
2.	Планирање и евидентирање на сопствениот професионален развој.
3.	Примена во практиката на новините од струката.
4.	Соработка со колеги во професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми.
5.	Води документација за професионалниот развој на наставниците.

6. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА	
6.1. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА	
1.	Идентификување проблеми за чие решавање се потребни податоци добиени со истражување.
2.	Спроведување истражувања на прашања актуелни за училиштето.
3.	Правење статистичка обработка и анализа на податоците.
4.	Давање предлози и сугестии за подобрување на практиката врз основа на сознанијата од истражувањата.
5.	Предлагање на акциски истражувања за зголемување на ефективноста на наставата.
6.	Учествување во акциски истражувања во наставата.
7.	Интерпретирање на сознанијата од акциските истражувања и предлагање на наредни активности.

7. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

7.1. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА)	
1.	Изработка и примена на инструменти за самоевалуација на училиштето.
2.	Покренување и образложување иницијативи за осовременување на воспитно- образовната работа.
Валентина Миткова

ПРИЛОГ БР. 10

Програма за работа на совет на предметни наставници

Советот на предметни наставници е стручен орган во училиштето кој го сочинуваат сите наставници по предметна настава (од VI до IX одделение).

Советот на предметни наставници:

- ја разгледува реализацијата на наставните програми и наставните планови по предмети;
- ја следи успешноста на учениците и предлага мерки за подобрување на резултатите;
- усогласува термини за писмени работи и проверка на знаења;
- предлага активности за додатна, дополнителна настава и секции;
- ја координира подготовката и реализацијата на проектни и истражувачки активности;
- дискутира за воспитно-образовните проблеми и предлага решенија;
- соработува со стручните соработници за подобрување на наставниот процес;
- предлага пофалби, награди и санкции за учениците според правилникот;
- разгледува извештаи од работата на наставниците и ефектите од наставните методи.

ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

МЕСЕЦ	СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИТЕ
Август	– Размена на информации за бројната состојба на учениците во VI одделение и нивниот континуитет од одделенска настава. – Планирање на наставниот процес и усогласување на писмените работи.
Септември	– Снабденост на учениците со учебници и наставни помагала. – Договор за координација на наставните содржини.
Ноември	– Анализа на успехот и редовноста на учениците во I тромесечие. – Разгледување на реализацијата на наставните програми и ефектите од дополнителната и дополнителната настава.
Јануари	– Утврдување на успехот и редовноста на учениците во I полугодие. – Осврт за реализацијата на наставните програми. – Подготовки за второто полугодие.

МЕСЕЦ	СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИТЕ
Март	– Изработка на програма за активности за патрониот празник. – Подготовка на ученици за општински и регионални натпревари.
Април	– Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците во III тромесечие. – Осврт на наставните програми и реализација на дополнителната настава. – Разгледување на проблеми и предлог мерки за подобрување на постигањата.
Јуни	– Утврдување на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната година. – Информација за реализација на наставните програми и содржините од Годишната програма. – Предлог за наградување на учениците кои се истакнале.

Изготви:

Благојче Атанасовски

ООУ ,,Методи Митевски Брицо” Лозово

ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА РАБОТАТА НА ХОРОТ

Учебна /2026/2027 година

хор / VI – IX одделение

Наставник/ Игор Колев

Август, 2026 година

ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН ПО ХОР (VI, VII, VIII, IX)			
ДЕЛА ЗА ОБРАБОТКА	**КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ (Ученикот)**	**ДИДАКТИЧКИ НАСОКИ (наставникот)**	**Време на реализација**
Аудиција (формирање на двогласен хор)	да е музикален	организирање на целосна аудиција	**СЕПТЕМВРИ**
	да има чист глас	распејување	
	да поседува соодветен тонски распон на гласот	колективно пеење	
	да демонстрира една песна по свој избор	поединечно преслушување	
Основи на вокалната техника	да демонстрира правилна положба на телото за време на пеењето	објаснува за основните елементи на вокалната техника	**СЕПТЕМВРИ**
	да дише правилно	објаснува вежби за распејување	
	да применува вежби за дишење	објаснува за внатрешен слух	
	да демонстрира распејување	дискутира за пеењето со образложение дека тоа не е само физиолошка туку е и интелектуална дејност, а потребно е и емоционално доживување на тоновите за да можат да допрат до свеста и душата на слушателот	
Химна на Р.М.	да дискутира за карактерот на химните	објаснува за карактерот на химните и карактеристиките на изведба на химна	**СЕПТЕМВРИ ОКТОМВРИ**
	да објаснува за текстот на химните	да демонстрира интерпретација на текстот	
	да го применува начинот на правилна дикција	да дискутира за текстот и негово правилно изговарање	
	повторува вокална интерпретација на химните	да демонстрира вокална интерпретација на химните	
	дава предлози и учествува на настап за прием на првачиња – Детска недела	подготвува настап за прием на првачиња – Детска недела	

Зурли трештат на сред село	да дискутира за карактерот и карактеристиките на композициите	објаснува за карактерот и карактеристиките на изведба на композициите	**НОЕМВРИ**
	да објаснува за текстот на композициите	да демонстрира интерпретација на текстот	
	да применува правилна дикција	да дискутира за текстот и негово правилно изговарање	
	повторува вокална интерпретација на композициите	да демонстрира вокална интерпретација на композициите	
Ние сме најдобри (преработка на We are the champion од Queen)	да дискутира за карактерот на забавната песна	објаснува за карактерот на забавната песна	**ДЕКЕМВРИ**
	да објаснува за текстот на песната	да демонстрира интерпретација на текстот	
	да го применува начинот на правилна дикција	да дискутира за текстот и негово правилно изговарање	
Забавна песна по избор на ученицте	да дискутира за карактерот на забавната песна	објаснува за карактерот на забавната песна	**ЈАНУАРИ ФЕВРУАРИ**
	да објаснува за текстот на забавната песна	да демонстрира интерпретација на текстот	
	да го применува начинот на правилна дикција	да дискутира за текстот и негово правилно изговарање	
	повторува вокална интерпретација на забавната песна	да демонстрира вокална интерпретација на забавната песна	
Повторување на сите изучени композиции/песни	повторување на сите изучени композиции	распејување, работа на дикција, артикулација и интонација на изучените песни.	**МАРТ АПРИЛ МАЈ ЈУНИ**
	осмислува кореографија за изведба на изучените композиции	Помага при изведба на кореографија на изучените композиции	

ООУ ,,Методи Митевски Брицо” Лозово

ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА РАБОТАТА НА ОРКЕСТАР

Учебна /2026/2027 година

Одделение / VI-IX одделение

Наставник/ Игор Колев

Август, 2026 година

ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН ПО ОРКЕСТАР (VI, VII, VIII, IX)			
ДЕЛА ЗА ОБРАБОТКА	**КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ (Ученикот)**	**ДИДАКТИЧКИ НАСОКИ (Наставникот)**	**Време на реализација**
Аудиција/ Формирање на бенд	да е музикален	организира аудиција (формирање на оркестар)	**СЕПТЕМВРИ**
	да има чувство за ритам	ги проверува знаењата на учениците од областа на основите на музичка писменост	
	да поседува способност за инструментална интрепретација	презентира ритмички вежби на ритмички ДМИ	
	да демонстрира една песна по свој избор	презентира свирење на пијано и гитара	
	да препознава ДМИ по звучност од други видови на иснтрументи	објаснува за поделбата на ДМИ (ритмички и мелодиски)	
	да дискутира за секој инструмент од групата ДМИ	демонстрира аудио-видео снимка со ДМИ и друг вид на инструменти	
	ги воочува карактеристиките на ДМИ	објаснува за ДМИ (секој инсрумент поодделно)	
	ги воочува карактеристиките на ДМИ	демонстрира слики за ДМИ	
	ги препознава видовите на ритмички инструменти	презентира видови на ритмички инструменти	
	памети за начинот на чување и одржување на инструментите	објаснува како се чуваат и одржуваат инструментите	
	демонстрира вежби за изведба на инструментите	презентира правилен начин за изведба на инструментите: блок флејта, триангл, звончиња, маракас, чинели.	
Ciao bella –Италијанска песна	да ја слуша детално песната	објаснува за карактерот на песната	**СЕПТЕМВРИ ОКТОМВРИ НОЕМВРИ**
	Да ја воочува мелодијата на својот инструмент	објаснува за ритамот на песната	
	демонстрира изведба на песната	објаснува за изведбата на секоја мелодија одделно	
	учествува во групна изведба на песната	демонстрира интерпретација на песната	

Забавна песна по избор на учениците Rolling in the deep - Adele	да ги воочува тоновите по висина и траење во забавната песна	објаснува за карактерот на забавната песна	**ДЕКЕМВРИ ЈАНУАРИ ФЕВРУАРИ**
	да дискутира за ритамот на забавната песна	објаснува за ритамот на забавната песна	
	учествува во групна изведба на забавната песна	демонстрира интерпретација на забавната песна	
Повторување на сите изучени песни	интерпретација/вежбање на сите изучени песни	дава сугестии при интерпретацијата на изучените песни	**МАРТ АПРИЛ МАЈ ЈУНИ**

РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ ЗА ПРЕДМЕТНА НАСТАВА ВО УЧЕБНАТА 2026/27 ООУ "МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО" ЛОЗОВО

НАСТАВНИК	ПРЕДМЕТ	ПОНЕДЕЛНИК							ВТОРНИК							СРЕДА							ЧЕТВРТОК							ПЕТОК					
		1	2	3	4	5	6	7	1	2	3	4	5	6	7	1	2	3	4	5	6	7	1	2	3	4	5	6	7	1	2	3	4	5	6
Ленче Китанова	Македонски ј. Библиотека				8	91	92			8			91	92		91	92			8						8	92	91			Библиотека					
Адријана Јосева	Македонски ј.				61	62		ох	71	72	62	61			ох	71			72				61	71		62		72	ох		62	61	71		71
Владимир Цветковски	Математика Физика	61	91м	92м			8м		8м	91м	91ф	92м	92ф	72ф			8м	8ф		91м	92м		8м	92ф	91ф					71ф		92м		91м	8м
Анастазија Димитриевска	Математика			72	62	61	71		61	62	71	72					62	61				72и	62	61	72и	71	72	9и	9и	62	61			72	71
Валентина Витева	Хемија Биологија Пр.науки	72	72б	71б		8б		91б	92х		8х	91х	61п	62п		62п	71х	72х	61п	92б				62п	61п		71б			91б	72б	8б	92б	92х	91х
Марина Доневска	Географија Пр.науки	71	71	91		92	72		62	61		8		91	92	72		71	8	5	5		Каратманово/ Дорфулија							Сарамзалино/ Милино					
Соња Смиљкова	Историја Гр.обр		92г	8г	72г			71г	91и		61и		62и					62и	91г	72и	71и					91и	92и	8и		92и		72и	8и	71и	61и
Марија Ч.Недевска	Англиски јазик	5		2		4	91		Каратманово							5	2	91	3	4			Каратманово							5	91	3	4		
Викторија Сандева	Германски Јазик			62	71	72	61	8	//////////////////							61	91	92	62	71	72		91		91	8				//////////////					
Натали Стојанова	Англиски јазик	8	8	1	92				72	71	92	62		61		8	72		71	62	61		92	8	1					72	71	62	61		
Игор Колев	Музичко обр. Иновации Библиотека	62	62м							92м		71м	72м								8м		Библиотека									91м	91и	61м	92и

Благојче Атанасовски	**Информатика Тех.и инфор**	**9 1**	**6 1**	**6 1**	**Милино**				**Сарамзалино**			**7 1**	**7 1**		**Дорфулија/ Каратманово**							**7 2**	**7 2**	**5**	**5**				**8**	**8**		**6 2**	**6 2**	
Бојан Тосевски	**Ликовно образование**	//////////////////////							//////////////////////						**9 2**				**6 1**	**6 2**	**7 1 и**	**7 1**	**9 1**	**7 1 и**	**7 2**	**6 и**	**6 и**	**8**	//////////////////					
Љупчо Димовски	**ФЗО Спорт**	**9 2**			**9 1**	**7 1**	**6 2**	**9 2**			**7 2**		**8 и**	**8 и**	**9 1**		**6 1**		**9 2**		**9 1**	**8**			**6 2**	**6 1**	**8**	**7 1**	**7 2**	**6 1**	**9 2**	**7 1**	**7 2**	**8**	**6 2**
Назначени лица (дежурни наставници)		**Приземје Викторија Сандева Горанчо Атанасов**							**Приземје Ристенка Јовановска Љупчо Димовски**						**Приземје Валентина Миткова Игор Колев**							**Приземје Силвана Цекова Валентина Витева**							**Приземје Марија Ч.Недевска Адријана Јосева**					
		I – кат Тања Стојчева Владимир Цветковски							**I – кат Марина Доневска Натали Стојанова**						**I – кат Анастазија Димитриевска Бојан Тосевски**							**I – кат Благојче Атанасовски Соња Смиљкова**							**I – кат Анастазија Димитриевска Благојче Атанасовски**					

Директор:
Горанче Велков

_____

ПРИЛОГ БР. 16

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ на проектот: Erasmus+ „Green Languages“ за учебната 2026/27

АКТИВНОСТ „ECO-SUSTAINABILITY 5P“

Проектна активност: *Eco-Sustainability 5P*
Место на реализација: Виртуелна активност
Водечка организација: *Istituto Comprensivo Statale Don Milani*, Италија
Партнерски организации:

- ООУ „Методи Митевски – Брицо“, Лозово, Република Северна Македонија
- *Oba İlkokulu*, Турција
- *Alikamerli İlkokulu*, Турција

Одговорни: Горанче Велков, Даниела Мијалковска, Тоде Николовски
Период на реализација: во текот на проектниот период, со завршување на проектот на **1 март 2027 година**

1. Цел на активноста

Главната цел на активноста *Eco-Sustainability 5P* е развивање на еколошката свест и одговорност кај учениците преку запознавање со петте клучни принципи: **People – Prosperity – Peace – Partnership – Planet** и нивното поврзување со одржливиот развој и заштитата на животната средина.

Активноста има за цел учениците да стекнат практични знаења и вештини поврзани со рециклирањето, зачувувањето на природните ресурси, климатските промени, обновливите извори на енергија и одговорното однесување кон животната средина, истовремено развивајќи ги јазичните, комуникациските, креативните и тимските компетенции.

Бр.	Активност	Опис на активноста	Време на реализација	Носители/реализатори	Целна група	Ресурси	Очекувани резултати	Индикатори за успешност
1.	**Запознавање со концептот 5P**	Презентација и запознавање на учениците со концептот People, Prosperity, Peace, Partnership и Planet и неговото значење за одржливоста.	Септември–октомври 2026	Проектен тим, наставници	Ученици	Презентации, ИКТ, видеоматеријали	Учениците го разбираат концептот 5P	Број на реализирани активности и вклучени ученици
2.	**PEOPLE – Луѓето и природата**	Работилници за односот човек–природа, одговорното однесување и улогата на секој поединец во заштитата на животната средина.	Октомври 2026	Наставници, проектен тим	Ученици	Работни листови, презентации, ИКТ	Развиена еколошка свест и лична одговорност	Работилници, ученички изработки и дискусии
3.	**PROSPERITY – Одржлив просперитет**	Активности за поврзување на здрава животна средина со квалитетот на животот, здравјето и	Октомври–ноември 2026	Наставници	Ученици	ИКТ, работни материјали	Разбирање на значењето на одржливиот развој	Број учесници и реализирани задачи

		одржливиот развој.						
4.	**PEACE – Мир и еколошка правда**	Учениците истражуваат како неправедното користење и распределба на природните ресурси може да предизвика конфликти и како одговорното користење придонесува кон мирот.	Ноември 2026	Наставници, проектен тим	Ученици	Презентации, видеа, дискусии	Разбирање на поврзаноста меѓу екологијата, правдата и мирот	Број дискусии, ученички ставови и продукти
5.	**PARTNERSHIP – Соработка за животната средина**	Тимски активности и виртуелна соработка со ученици и наставници од партнерските училишта од Македонија, Турција и Италија.	Ноември–декември 2026	Проектни тимови од партнерските организации	Ученици и наставници	Онлајн платформи, ИКТ	Зајакната меѓународна соработка и интеркултурна комуникација	Број виртуелни средби и учесници
6.	**PLANET – Заштита на**	Практични активности	Декември 2026 –	Наставници, проектен тим	Ученици	Рециклирачки материјали, ИКТ,	Подобрени практични	Број реализирани

	планетата	поврзани со рециклирање, зачувување на природните ресурси, обновлива енергија и намалување на негативното влијание врз животната средина.	јануари 2027			природни материјали	знаења и еколошки навики	активности и ученички продукти
7.	**Изработка на 5P постери**	Учениците изработуваат креативни постери за секој од петте концепти, користејќи рециклирани и повторно употребливи материјали.	Јануари 2027	Наставници и ученици	Ученици	Отпадни/рециклирани материјали, хартија, бои, ИКТ	Развиена креативност и свест за повторна употреба на материјалите	Број изработени постери
8.	**Меѓународно споделување на ученичките продукти**	Презентирање и споделување на постерите и другите ученички продукти со	Јануари–февруари 2027	Проектни тимови	Ученици	Виртуелни платформи, фотографии, презентации	Размена на идеи и примери на добри практики	Број споделени продукти и учесници

		партнерските училишта.						
9.	**5P Poster Competition – натпревар за постери**	Организирање натпревар за најкреативни и најинспиративни постери изработени од рециклирани материјали, со можност за вклучување на поширокаta јавност.	Февруари 2027	Проектен тим и партнерски организации	Ученици и поширока заедница	Постери, изложбен простор, дигитални платформи	Зголемена видливост на еколошките пораки	Број учесници, постери и гласови/оценки
10.	**Јазична интеграција**	Користење англиски јазик во комуникацијата, презентациите и споделувањето на проектните продукти со партнерските училишта.	Континуирано	Наставници, проектен тим	Ученици	ИКТ, дигитални алатки	Унапредени јазични и комуникациски компетенции	Број активности реализирани на англиски јазик
11.	**Дисеминација на резултатите**	Презентирање на активностите и резултатите пред ученици, наставници,	Февруари 2027	Проектен тим	Училишна и локална заедница	Веб-страница, Facebook, презентации, фотографии	Зголемена јавна свест за одржливоста	Број објави, презентации и опфатени лица

		родители и локалната заедница преку училишни настани и дигитални канали.						
12.	**Евалуација на активноста**	Собирање повратни информации од учениците и наставниците и процена на стекнатите знаења, ставови и компетенции.	Февруари 2027	Проектен тим	Учесници во активностите	Анкети, прашалници	Проценета успешност и влијание на активноста	Резултати од евалуацијата
13.	**Завршување на проектот**	Финализирање на сите активности и проектни продукти.	До **1 март 2027**	Координатор и партнерски организации	—	Проектна документација	Целосно реализирани проектни активности	Исполнети проектни цели и реализирани продукти
14.	**Подготовка на завршен извештај**	Систематизирање на документацијата, доказите за реализација на проектот.	Март–април 2027	Координатор и проектен тим	—	Извештаи, финансиска документација, фотографии, продукти	Подготвен комплетен завршен извештај	Изработен финален извештај

3. Очекувани резултати

Со реализацијата на активноста се очекува:

- зголемена свест кај учениците за рециклирање, зачувување на природните ресурси и климатските промени;

- развивање одговорен и одржлив начин на живот;
- подобро разбирање на концептот **5P**;
- развивање креативно размислување и вештини за решавање проблеми;
- зголемено ученичко учество во еколошки активности;
- развиени јазични и комуникациски компетенции;
- зајакната соработка меѓу учениците и наставниците од партнерските земји;
- создадени креативни ученички продукти од рециклирани материјали;
- зголемена информираност на локалната заедница за значењето на одржливиот развој.

4. Следење и евалуација

Следењето на реализацијата ќе се врши преку листи на учесници, фотографии и видеоматеријали, ученички продукти, презентации, извештаи, онлајн активности, евалуациски прашалници и објави за дисеминација.

По завршувањето на проектот на 1 март 2027 година, ќе се изврши финална анализа на реализираните активности и постигнатите резултати, по што ќе следи подготовка на завршниот извештај и негово поднесување до Националната агенција на Турција, согласно барањата на Erasmus+ програмата.

5. Одржливост

Стекнатите знаења и материјали создадени во рамките на активноста ќе се користат и по завршувањето на проектот во редовната наставна и воннаставна работа, особено при реализација на активности поврзани со еколошко образование, климатски промени, рециклирање, одржлив развој и развивање на ученичката одговорност кон животната средина.

Изготви:

Даниела Мијалковска

2.9.2026, Лозово

Прилог број 17

Програма за воннаставни активности

При планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштето, се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување знаења, вештини и вредности зацртани со Националните стандарди заосновно образование, особено за оние содржини кои не се застапени или не се доволно покриени со наставните активности.

Воннаставните активности се ориентирани на учениците и приспособени кон индивидуалните потреби и различности на сите ученици,со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења. Воннаставните активности сепривлечни за повеќето ученици и треба да обезбедуваат активно учество на учениците. Присуството, ангажираноста и напредокот наученицитe ќе се евидентираат од страна на одговорниот наставник.

Во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштето се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење. Во активностите се обрнува посебно внимание на унапредување на менталното и социјалното здравје на учениците преку развој на самодоверба, самопочитување ,комуникација, разбирање и прифаќање на другите. Исто така се води грижа за локалната средина во рамки на која е неопходно да се применуваат принципите на организирање на здрава училишна средина и однос помеѓу наставници, ученици и сите учесници во образовниот процес.Воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна,креативна и карактерна личност.Суштината на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците преку организирање на училишни,културни и општествени активности. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности.Со овие активности се развиваат одговорноста, организаторските и лидерските способности, љубопитноста, истражувачкиот дух,дружење со други одделенија и други училишта,меѓусебна соработка, солидарност и слично.Нашето училиште покрај квалитетната редовна настава која им ја обезбедува на учениците,квалитетот го постигнува и со редовно организирани и планирани воннаставни активности, во кои учениците активно се вклучуваат и ги прифаќаат со задоволство.

13.1. Училишен спортски клуб

Училишен спорт

Училишен спорт	Време на реализација	Опфатеност на ученици	Одговорен наставник
Фудбал	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Љупчо Димовски
Кошарка	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Љупчо Димовски
Ракомет	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Љупчо Димовски
Атлетика	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Љупчо Димовски
Одбојка	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Љупчо Димовски
Пинг понг	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Љупчо Димовски
Шах	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Љупчо Димовски

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој кај учениците, го зајакнува нивното здравје, изградуванавики за здрав живот и спортска култура и правилно држење на телото . Ги задоволува потребите за правилен развој на учениците и тоапреку игрите, спортот, гимнастиката во зависност од интересот на ученикот. Цели на училилишниот спорт се стекнување и развивање на моторните способности како: психофизичкиот развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, изградување навики за здрав живот и спортска активност и култура на добро држење на телото. спречување на појава на аномалии (деформитети). Преку правилни изведувања на вежбите за позитивен анатомско-физиолошки, функционален и моторички развој, развој на фер-плеј однос и др.

13.2 Секции/Клубови

Учениците земаат активно учество во различни секции преку кои стекнуваат дополнителни знаења, вештини и способности и даваат придонес во одбележување на патрониот празник на училиштето, како и промовирање на училиштето во бројни активности кои ги организира општината. Со цел да се поттикне и негува љубопитноста и креативноста кај учениците, да се негува доследноста и истрајноста во извршување на задачите, да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на личноста на ученикот, како и да се создаваат навики за правилно користење на слободното време, во училиштето се организираат слободни активности за учениците од одделенска и предметна настава. За одделенска настава слободните ученички активности ќе се организираат во рамките на паралелката при што секој одделенски раководител треба да организира две секции. Во предметна настава учениците избираат по сопствена желба која секција сакаат да ја посетуваат. При одредување на видовите на секциите и слободните ученички активности ќе се тргне од принципот на слободен избор на учениците. Почитувајќи ги одредбите, ученикот во предметна настава може да биде најмногу во две секции во зависност од неговите интереси и способности. Одговорните наставници - реализатори изработуваат посебна програма за нивна реализација. Содржините на сите видови секции ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници. Своите афинитети и интереси учениците ќе можат да ги искажат преку работата на следните активности:

-Слободни ученички активности за проширување на знаењата по одделни наставни предмети;

-Слободни технички активности; -Слободни културно-уметнички активности;

-Слободни спортски активности;

Општите и конкретните цели на секции се:

➢ да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците;

➢ учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување;

➢ да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски и

➢ да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време.

Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во секцијата може да се вклучат и други наставници, родители или волонтери од заедницата.Одговорните наставници, организираат промоција на секциите пред сите ученици од одделенијата за кои се наменети. Со промоцијата се настојува да се придобијат што е можно повеќе ученици за учество во секцијата. По промоцијата, учениците добиваат можност лично да се запишат за учество во онаа секција за која пројавуваат најголем интерес (една секција, по исклучок две секции во едно полугодие). Доколку има повеќе заинтересирани ученици за иста секција, може да се формираат повеќе групи (повеќе исти секции), во

согласност со возраста. Откако ќе се знае бројната состојба на заинтересираните ученици за конкретна секција, одговорните наставници, во соработка со учениците, ги договараат термините за одржување и го организираат просторот во кој ќе се одвива активноста. Училиштето, преку наставниците, стручните соработници спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што би се реализирале во следната учебна година. Анкетата е намената за учениците и за родителите кога се работи за ученици од I - III одделение. Вреднувањето на напредокот на учениците треба да се базира врз принципите на формативно оценување. Тоа значи дека во текот на одвивањето на активностите во секцијата,учениците треба да добиваат повратни информации од реализаторите на секцијата за својот напредок и како да се подобрат, но треба да им се овозможи и самите да учествуваат во вреднувањето на сопствениот напредок, како и на напредокот на соучениците.Евиденцијата за реализација на секцијата се води во посебен дневник на наставник за работата на секцијата на клубот), врз основа на белешките од следењето на учениците во секцијата,оделенскиот наставник дава мислење за секој ученик и своето мислење описно го запишува во додатокот на свидетелството на ученикот.

Според карактерот и содржината на работа, секциите се застапени како:

➢ Секции за проширување и продлабочување на содржините од наставните предмети;

➢ Секции за развивање на културно-уметнички способности кај учениците;

➢ Спортско-рекреативни секции. ¬

- Секции за проширување и продлабочување на знаења по одделни предмети

Слободни ученички активности за стекнување и проширување на знаењата

Ред. бр.	Слободни ученички активности за стекнување и проширување на знаењата	Време на реализација	Опфатеност на ученици	Одговорен наставник
1.	Драмско-рецитаторска-литературна секција	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Ленче Китанова
2.	Секција за фудбал	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Љупчо Димовски
3.	STEM клуб	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение	Владимир Цветковски, Анастазија Димитривска
4.	Секција по прва помош	Во текот на учебната година	VII, VIII, IX одделение	Валентина Витева
5.	“Истражувачи”	Во текот на учебната година	I, II, III одделение – Лозово	Валентина Миткова,Ристенка Јовановска,Горанчо Атанасов
6.	“Математички детективи”	Во текот на учебната година	IV,V одделение-Лозово	Силвана Цекова ,Тања Стојчева
7.	“Математички детективи”	Во текот на учебната година	III,IV, V одделение – Дорфулија	Бојана Тасевски ,Маја Панева
8.	„Млади градинари“	Во текот на учебната година	II, III,IV одделение – Дорфулија	Јелена Панева
9.	Ликовна секција	Во текот на учебната година	I, II, III, IV,V одделение – Дорфулија	Благица Димитрова
10.	„Млади уметници“ – Ликовна секција	Во текот на учебната година	I, II, III, V одделение – Сарамзалино	Даниела Милановска Панева
11.	Ликовна секција	Во текот на учебната година	,I,II, IIIодделение – Милино	Емилија Стојанова
12.	Секција за животни вештини “Мал мајстор,голем живот”	Во текот на учебната година	IV,Vодделение – Милино	Наташа Златановска
13.	Информатичка секција	Во текот на учебната година	IV, V одделение – Каратманово	Ѓоко Стојчевски
14.	Ликовна секција	Во текот на учебната година	I,II, III одделение – Каратманово	Кристина Ѓерасова
15.	Ликовна секција	Во текот на учебната година	VI, VII, VIII, IX одделение-Лозово	Бојан Тосевски
16.	Млади историчари	Во текот на учебната година	VII одделение-Лозово	Соња Смиљкова

13.3. Акции

Повеќето различни програми од годишната програма за работа на училиштето овозможуваат и предвидуваат реализирање на различни манифестации, приредби, базари, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции и друг вид на акции кои ќе придонесат за поттикнување на ученичките иницијативи и ученичкиот активизам за актуелизирање и решавање на одредени проблеми од секојдневието.

ПЛАНИРАНИ АКЦИИ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Планираните акции кои ќе се реализираат во учебната 2026/2027 година се дадени подолу:

Реализирана програмска активност – содржина	Време на реализација	Ученици	Потребни средства и материјали (ресурси)	Очекувани ефекти
Прв училишен ден – Свечен прием на првачињата во училиштето	Септември	Сите ученици	Претходно подготвени активности	Создавање љубов кон училиштето и чувство на припадност.
Одржување и уредување на училишната зграда и двор; одржување и уредување на училниците	Во текот на учебната година	Сите ученици	Средства за дезинфекција; материјали за уредување на училниците и ходниците (маркери, лепаци, хамери во боја, листови во боја, бои, цвеќиња и сл.)	Основни знаења за организирана работа и за чиста околина; естетски уреден двор и училиште.
Меѓународен ден без автомобили	Септември	Сите ученици	Велосипеди, ролери и слично	Знаат дека постојат други начини на превоз и ја зачувуваат чистата животна средина.
Светски ден на учителот	5 октомври	Сите ученици	Подготвена пригодна содржина	Учениците се запознаваат со Светскиот ден на учителот и со значењето и улогата на учителот во општеството.

Реализирана програмска активност – содржина	Време на реализација	Ученици	Потребни средства и материјали (ресурси)	Очекувани ефекти
Детска недела	Прва недела од октомври	Сите ученици	Различни ресурси потребни за овој период	Ги знаат детските права и разбираат дека сите деца имаат еднакви права без разлика на боја, пол и етничка припадност.
Ден на востанието на македонскиот народ	11 октомври	Сите ученици	Претходно подготвена пригодна содржина	Зголемени знаења за значењето на празникот и почитување на македонската историја.
Месец на книгата	15октомври-15ноември	Сите ученици	Подготвена пригодна содржина	Кај учениците ра се развие поттик и желба за читање
Меѓународен ден на пешаците	15 октомври	Наставници по ФЗО и наставници од одделенска настава	Флаери	Знаат како правилно и безбедно да се однесуваат во сообраќајот и ги знаат придобивките од пешачењето.
Меѓународен ден на храната	16 октомври	Наставници од одделенска настава	Различни ресурси потребни за активностите	Учениците знаат правилно да се хранат и да ја заштитуваат животната средина.
Меѓународен ден на лицата со попреченост	3декември	Сите ученици	Претходно подготвена пригодна содржина	Развивање емпатија, почитување и прифаќање на различностите; поттикнување инклузивност, солидарност и еднакви можности за сите ученици; создавање позитивна и поддржувачка училишна средина.
Одржување и уредување на непосредната околина	Во текот на учебната година	Сите ученици	Средства, метли, крпи и сл.	Љубов и почит кон чистата околина.

Реализирана програмска активност – содржина	Време на реализација	Ученици	Потребни средства и материјали (ресурси)	Очекувани ефекти
Хуманитарни и креативни работилници (изработка на сувенири од глина)	Март	Ученици од предметна настава	Глина	Запознавање со глината како материјал за изработка на различни сувенири и со употребата на глината во занаетчиството и керамиката.
Меѓународен ден на жената	8 март	Сите ученици	Подготвена пригодна содржина; различни ресурси за училишна приредба (музички, литературно-рецитаторски и драмски точки)	Учениците го знаат значењето на Денот на жената, го прославуваат успехот на жените и искажуваат благодарност.
Светски ден на водите – „Водата и храната – достапност и безбедност“	22 март	Сите ученици	Подготвена пригодна содржина; материјални ресурси за работилница	Зголемени знаења за важноста на водата и обезбедувањето чиста вода за пиење и одговорно однесување кон неа.
Садење и уредување на училишниот двор: уредување на дворот; садење цвеќе и дрвја; садење дрвја	Во текот на учебната година	Сите ученици	Цвеќиња, дрвца, земја, метли, ракавици, кеси за отпад	Способност за работење со алат и прибор; љубов кон природата и годишните времиња; развивање еколошка свест и грижа за чиста средина.
Хуманитарни акции за ученици од социјално ранливи категории и со здравствени потешкотии	Во текот на учебната година	Сите ученици	Состаноци, план за реализирање на собирна акција	Љубов и позитивен однос кон работата и трудот; развивање хуманост и позитивен однос кон другарчињата.

Реализирана програмска активност – содржина	Време на реализација	Ученици	Потребни средства и материјали (ресурси)	Очекувани ефекти
Ден на училиштето-патрониот празник	Април	Сите ученици	Наставници, ученици, родители, гости; костуми, реквизити, разглас, инструменти	Зголемена соработка со родителите; создадена позитивна клима помеѓу учениците; зголемена истрајност на учениците; промовирани најдобрите ученици.
Светски ден на планетата Земја	22 април	Сите ученици	Подготвена пригодна содржина; материјални ресурси за работилница	Учениците ја чуваат животната средина и преземаат акции за нејзино чистење; зголемени знаења за загадувањето на водата, воздухот и почвата.
Крос натпревар	Мај	Сите ученици	Наставници, ученици; спортски реквизити	Разбрани придобивките од трчањето и развиени здрави навики.
Прогласување на првенец на генерација 24-ти Мај-Ден на Светите браќа Кирил и Методиј	Мај	Сите ученици	Претходно подготвена пригодна содржина	Зголемени знаења за значењето на празникот; развиени чувства за грижа и почит кон сопствените културни и цивилизациски вредности.
Реализација на приредби во училиштето и хепенинзи за позначајни датуми (Новогодишни забави и базари, Априлијада и Велигденски базари)	Декември, април, мај	Сите ученици	Состаноци, план за реализација на активностите, облека, материјали за украсување и уредување	Креативност кај учениците, критичко размислување, позитивен однос кон работата и промоција на училиштето.

Реализирана програмска активност – содржина	Време на реализација	Ученици	Потребни средства и материјали (ресурси)	Очекувани ефекти
Учество на стручни собири	Во текот на учебната година	Наставници	Материјали и ресурси според видот на стручниот собир	Споделување искуства и примена на стекнатите знаења и вештини во наставната практика; професионален развој на наставниците.

Изготвиле-Силвана Цекова и Ристенка Јовановска

Учебна 2026/27г.

Прилог бр.18

Програма за дополнителна настава

Дополнителна настава се организира по барање на ученикот, родителот или по проценка на наставникот, кој го информира родителот за потребата од ваков вид настава со ученикот во рок од 3 дена од констатирањето на потребата, како и за распоредот кога таа ќе се одржува. Родителот дава согласност ученикот да следи дополнителна настава.

Дополнителна настава се реализира за учениците од второ до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одреден предмет или тема од предметот, доколку ученикот има недоволна оценка, доколку ученикот подолго време отсуствувал, како и кај ученици со потешкотии.

Учениците од второ до петто одделение може да посетуваат дополнителна настава по 1 час неделно за најмногу два предмети, додека учениците од шесто до деветто одделение по 1 час неделно за најмногу до три предмети.

Дополнителната настава трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати.

Наставникот ја планира дополнителната настава со 1 час неделно за наставен предмет за цела учебна година, согласно потребите на учениците.

Групата за дополнителна настава е најмногу до 10 ученици. Работата на дополнителната настава е индивидуална и индивидуализирана. Групна работа е можна доколку сите ученици имаат иста потешкотија од одреден предмет.

Реализацијата на дополнителната настава се евидентира во педагошката евиденција за дополнителна настава.

Училиштето на месечна основа изготвува распоред за одржување на дополнителна настава, кој е истакнат на огласна табла и на веб-страницата на училиштето.

Процедура за дополнителна настава			
Ред.бр	**Активност**	**Целна група**	**Реализатор**
1	Изготвување програма и распоред за дополнителна настава	Наставници, ученици, директор, стручна служба, МОН	Предметни наставници
2	Проценување од страна на наставникот за ученици на кои им е потребна дополнителна настава	Ученици	Одделенски и предметни наставници
3	Информирање на родителите на учениците на кои се упатени на дополнителна работа	Родители	Одделенски и предметни наставници
4	Организирање на дополнителна настава	Ученици со потешкотии во учењето	Одделенски и предметни наставници
5	Следење на напредокот и изготвување на портфолио како доказ за неговиот напредок	Родители, стручни соработници	Одделенски и предметни наставници
6	Следење на редовноста на учениците кои посетуваат дополнителна настава	Наставници	Одделенски и предметни наставници
7	Потполнување на месечен распоред за реализација на дополнителна настава	Наставници, стручни соработници	Одделенски и предметни наставници
8	Евидентирање на дополнителната настава во Педагошка евиденција за дополнителна настава	Директор, стручна служба, МОН	Одделенски и предметни наставници

Изработила:

Бојана Тасевски

Прилог бр.19

Програма за додатна настава

Додатната настава ООУ „Методи Митевски – Брицо “ Лозово ја планира со годишната програма за работа. Додатната настава се организира за учениците **од прво до деветто одделение** кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретниот наставен предмет за кој покажал интерес ученикот.

Секој наставник ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.

Секој наставник е должен да им понуди на учениците следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава.

Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот.

Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение. Начинот на работа на наставникот на часот за додатна настава е по правило, со индивидуализирана работа.

За реализација на додатната настава наставникот:

- ги идентификува учениците;

- изготви програма за додатна настава согласно интересите на ученикот;

- ја реализира програмата;

- го следи и контролира напредокот на ученикот и

- води педагошка евиднција за додатна настава.

Идентификацијата на ученикот наставникот ја врши од учениците. Програмата за додатана настава, наставникот ја изготвува во соработка со ученикот и ја надополнува со предлози на ученикот. Наставникот ги планира и ги обезбедува материјално-техничките услови за реализација на часовите по додатна настава и изработува соодветни дидактички материјали. Начинот на работа на наставникот на часот за додатна настава е, по правило, со индивидуализирана работа. Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот односно, тој да ја насочува работата на ученикот за постигнување на планираните очекувани резултати.

Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот. Постигањата на ученикот во додатната настава не се оценуваат.

Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот согласно изготвената програма со цел да го констатира развојот, да ја планира идната работа, да поставува нови предизвици за развојот на ученикот. Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на идната работа, информирање на родителот/старателот и стручната служба во училиштето.

Голем дел од додатната настава се реализира преку слободните изборни предмети кои служат за продлабочување и проширување на знаењата од задолжителните предмети. За учениците кои се подготвуваат за натпревари, наставникот реализира додатни менторски часови, за чиј распоред исто така се договара со учениците и јавно го истакнува.

Училиштето треба да го организира времето и просторот за да обезбеди непречена реализација не само на наставата туку и на другите активности во училиштето во текот на задолжителниот престој на учениците.

Акционен план за реализација на додатната настава во учебната 2026/2027 година

Цели	Содржини и активности	Реализатор/и	Време	Очекувани ефекти
Соодветна организација на додатната настава	-Планирање на додатната настава во годишната програма -Планирање на додатната настава од страна на секој наставник во соработка со учениците - Изготвување на распоред за додатната настава за секој наставен предмет -Објавување на распоредот на огласна табла и на интернет страната -Организирање на просторно – техничките услови за реализација на додатната настава	Комисија за изработка на годишната програма Комисија за изработка на распоред Ученици Предметни наставници	Август, 2026 Пред почетокот на секој месец	Додатната настава во училиштето се планира со програма и распоред. Јавно објавен распоред.

Согледување на состојбата и потребата за работа со ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети	Проценка и одредување на ученици на кои покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата (врз основа на следењето на напредокот во наставата): -напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, -ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма - ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.	Предметни и одделенски наставници	Пред почетокот на секој месец	Идентификувани ученици.
Соработка со родителот/старателот	- Информирање на родителот/старателот за можноста ученикот да следи додатна настава и за распоредот за реализирање на додатната настава, - Вклучување на родителот/старателот во планирањето на додатната настава. - Согласност од родителот/старателот ученикот да следи додатна настава - Редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот и давање совети, сугестии и	Одделенски раководители Предметни наставници Стручни соработници	Пред почетокот на секој месец На секоја родителска средба или индивидуални средби со родителите	Информирани родители. Дадена согласност.

	насоки за натамошен напредок на ученикот.			
Констатирање на развојот, планирање на идната работа, поставување нови предизвици за развојот на ученикот	Следење напредокот на ученикот Водење на портфолио за напредокот на ученикот во додатната настава Информирање на учениците, родителите и стручните соработници за напредокот.	Предметни и одделенски наставници	Цела учебна година	Информирани и мотивирани ученици запостигнување наподобри резултати
Водење евиденција за посетата на ученикот на додатната настава	-Список на ученици кои се согласиле да посетуваат додатна настава, -Евидентирање на присутноста на учениците, -Извештај за реализацијата на додатната настава	Предметни и одделенски наставници	Цела учебна година	Прегледност и увид во реализацијата на додатната настава

Согледување на реализацијата и ефектите од додатната настава	Евалуација на планирањето и реализацијата на додатната настава.	Комисија за следење и евалуација	Јануари, 2027, Јуни, 2027	Превземени соодветни активности воиднина

Изработила:

Бојана Тасевски

Прилог бр. 20

Вонучилишни активности

Месец	**Активност (вонучилишна)**	**Цел на активноста**	**Место на реализација**	**Очекувани резултати**	**Одговорни наставници**
Септември	Пикник (излет) во природа	Подобрување на социјализација и тимска работа	Во сите подрачни училишта	Учениците се запознаваат и развиваат чувство за заедништво	Одделенски наставници
Октомври	Посета на градска библиотека во Св. Николе (по повод месецот на книгата)	Развивање свест за важноста на книгата	Св. Николе	Учениците развиваат љубов кон книгата. Имаат поголема желба да посетуваат библиотеки.	Одделенски наставници
Октомври	Посета на Музејот во Св. Николе	Запознавање со културно и историско наследство	Св. Николе	Учениците препознаваат значајни предмети и стекнуваат интерес за културното наследство.	Одделенски наставници
Ноември	Посета на театар Ј.Х.К Џинот во Велес (во два термина)	Поттикнување љубов кон театарската уметност	Велес	Учениците развиваат навика за посетување театарски претстави	Одделенски наставници и предметни наставници
Декември	Организирање на новогодишен базар	Развивање на креативност, менаџерски вештини и чувство за претприемништво кај учениците	Лозово – централно училиште	Учениците се вклучуваат изработка на експонати и нивна продажба, како и планирано трошење на добиените средства.	Одделенски наставници и предметни наставници
Декември	Посета на Собранието на Република Северна Македонија	Предмет Граѓанско образование Разработка на темата од материјалот за IX, VIII,VII, VI	Скопје	Појаснување, визуелизирање и осознавање на темата која се обработува.	Одговорен предметен наставник

Јануари	Новогодишна забава / приредба.лотарија	Забава на учениците	Лозово	Релаксирање и меѓусебно дружење	Одделенски наставници и предметни наставници
- упатување до соодветни стручни/здравствени служби кога е потребно.

Посебен фокус:

„Не е срамота да побараш помош.“

Учениците треба да знаат кому можат да се обратат кога се чувствуваат лошо, исплашено, преоптоварено, осамено или кога имаат проблем што не можат сами да го решат.

5.5. Превенција од зависности

Теми:

- пушење и употреба на никотински производи;
- алкохол;
- психоактивни супстанции;
- енергетски пијалаци;
- зависност од интернет и дигитални уреди;
- зависност од видеоигри;
- ризично однесување.

Активности:

- предавања;
- работилници;
- дебати;
- тематски денови;
- презентации;
- средби со стручни лица;
- кампањи за превенција;
- информирање на родителите.

5.6. Дигитално здравје

Современото училиште треба да посвети внимание и на влијанието на дигиталните технологии врз здравјето.

Активности:

- едукација за правилно користење дигитални уреди;
- разговори за прекумерно користење телефон;
- правилна положба на телото при користење компјутер;
- грижа за видот;
- значење на паузите;
- превенција од дигитална зависност;
- сајбер-булинг и неговото влијание врз менталното здравје;
- развивање здрави дигитални навики.

5.7. Превенција од заразни заболувања

Активности:

- едукација за начини на ширење инфекции;
- правилно миење раце;
- правилно кивање и кашлање;
- проветрување на просториите;
- одржување чистота;
- навремено информирање на родителите при појава на симптоми;
- соработка со здравствени установи;
- едукативни материјали за превенција.

5.8. Здравствена безбедност и превенција од повреди

Активности:

- едукација за безбедно однесување во училиштето;
- безбедност во училишниот двор;
- безбедност во сообраќајот;
- безбедно однесување за време на спортски активности;
- основи на прва помош;
- симулациски вежби;
- запознавање со процедурите при итни ситуации.

5.9. Здравје на адолесцентите

За учениците од повисоките одделенија може да се реализираат активности на теми:

- промени во пубертетот;
- телесен развој;
- лична хигиена;
- емоционални промени;
- самодоверба;
- притисок од врсниците;
- здрави меѓучовечки односи;
- одговорно однесување;
- препознавање ризични ситуации.

Активностите треба да бидат возрастно соодветни и реализирани со почитување на приватноста и достоинството на учениците.

---

6. Соработка со родители

Родителите се важен партнер во грижата за здравјето на учениците.

Активности:

- родителски средби на здравствени теми;
- информативни материјали;
- индивидуални консултации;
- предавања од стручни лица;
- навремена комуникација во случаи кога ученикот има здравствен проблем;
- едукација за препознавање промени во однесувањето;
- советување за здрави навики дома.

---

7. Соработка со институции

Училиштето ќе соработува со:

- матични лекари;
- здравствени домови;
- медицински лица;
- стоматолошки служби;
- центри/служби за ментално здравје;
- Црвен крст;
- општината;
- релевантни невладини организации;
- други институции според потребите на училиштето.

---

8. Годишен календар на активности

Период	Активност	Носители
Септември	Анкета за здравствените навики на учениците	Стручна служба
Септември	Хигиена и безбедност во училиштето	Наставници
Октомври	Здрава исхрана	Наставници/стручна служба
Октомври	Ментално здравје и емоции	Стручна служба
Ноември	Превенција од зависности	Стручна служба/надворешни лица
Ноември	Прва помош	Наставници/Црвен крст
Декември	Превенција од врсничко насилство	Стручна служба
Јануари	Здрави дигитални навики	Наставници
Февруари	Сајбер-булинг и ментално здравје	Стручна служба
Март	Физичка активност и здравје	Наставници
Април	Здравје и животна средина	Наставници/ученици
Мај	Превенција од ризични однесувања	Стручна служба
Мај	Спортски/рекреативен ден	Наставници
Јуни	Евалуација на програмата	Стручна служба

9. Методи и форми на работа

Ќе се применуваат:

- работилници;
- предавања;
- дискусии;
- дебати;
- презентации;
- индивидуални разговори;
- групна работа;
- проектни активности;
- спортски активности;
- анкети;
- кампањи;
- тематски денови;
- практични вежби;
- врсничка едукација.

---

10. Индикатори за успешност

Успешноста на програмата ќе се следи преку:

- број на реализирани активности;
- број на вклучени ученици;
- број на вклучени родители;
- број на реализирани работилници;
- резултати од анкети пред и по активностите;
- зголемено знаење за здрави животни навики;
- промени во однесувањето на учениците;
- намалување на ризичните однесувања;
- подобрување на училишната клима;
- зголемена физичка активност;
- подобрена информираност за менталното здравје.

---

11. Следење и евалуација

Следењето на реализацијата ќе го вршат стручната служба, наставниците и одговорните тимови во училиштето.

На крајот на учебната година ќе се изврши евалуација преку:

- анкети за ученици;
- анкети за родители;
- извештаи од наставниците;
- анализа на реализираните активности;

- анализа на индикаторите;
- согледување на потребите за следната учебна година.

Врз основа на добиените резултати ќе се утврдат препораки и приоритети за унапредување на програмата.

---

12. Очекувани резултати

Со реализација на програмата се очекува:

- учениците да имаат поголеми знаења за здравјето;
- да развијат поздрави животни навики;
- да посветуваат поголемо внимание на личната хигиена;
- да бидат физички поактивни;
- да развијат позитивен однос кон здравата исхрана;
- полесно да ги препознаваат и изразуваат своите емоции;
- да знаат каде и од кого да побараат помош;
- да се намали стигматизацијата поврзана со менталното здравје;
- да се намалат ризичните однесувања;
- да се подобри безбедноста во училиштето;
- да се подобри соработката со родителите;
- да се зајакне соработката со здравствените институции;
- да се создаде **здрава, безбедна и поддржувачка училишна средина**.

---

13. Одговорни лица

За реализација на програмата се определуваат:

- директорот на училиштето;
- стручната служба;
- наставниците;
- одделенските раководители;
- одговорните тимови/комисии;
- ученичката заедница;
- родителите/старателите;
- надворешни стручни лица и институции.

Прилог – 37

ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Јавната и културната дејност претставува значаен сегмент од целокупната воспитно-образовна работа на ООУ „Методи Митевски – Брицо“ – Лозово. Преку планирање и реализација на различни културни, уметнички, образовни, еколошки и општествено одговорни активности, училиштето создава можности учениците активно да се вклучуваат во животот на училиштето и локалната заедница, да ги развиваат своите способности, интереси и таленти и да стекнуваат позитивни вредности и навики.

Програмата има за цел да ја поттикнува креативноста, иницијативноста, тимската работа и културното изразување на учениците, како и да придонесе за развивање на нивната свест за почитување на културното наследство, традициите, националните и универзалните вредности. Посебно внимание се посветува на одбележувањето на значајни датуми, празници и настани, учеството на учениците на литературни и ликовни конкурси, изложби, приредби, манифестации, работилници и други културно-уметнички активности.

Во реализацијата на програмата училиштето остварува соработка со родителите, локалната самоуправа на општина Лозово, воспитно-образовни и културни институции, невладини организации, локални здруженија и медиуми. Преку оваа соработка се создаваат услови за збогатување на училишниот живот и за поголема отвореност и препознатливост на училиштето во локалната заедница.

Особено значајно место има и промовирањето на успесите, достигнувањата и креативните творби на учениците и наставниците. Училиштето редовно ја информира јавноста за реализираните активности и постигнатите резултати преку своите канали за информирање, училишни активности и соработка со локалните и други медиуми.

За постигнување на подобри резултати во воспитно-образовната дејност се остваруваат постојани соработки со следните институции: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, овластен општински инспектор, детски градинки и други основни училишта.

Нашето училиште сите успеси, учества на натпревари, манифестации и други активности ги промовира преку различните средства за јавно информирање: фан-страна на Facebook; веб-страна на училиштето; промотивни флаери кои ги изработуваат група ученици координирани со наставник по ликовна уметност или информатика.

Преку сите наведени средства за комуникација со јавноста – медиуми, училиштето ја запознава јавноста со годишната програма за работа на училиштето, учеството и постигнувањата на учениците на натпреварите и учество на други манифестации и

активности, патронен празник на училиштето, еколошка акција, вежба за противпожарна заштита, новогодишна програма во соработка со локалната самоуправа и манифестацијата за избор на ученик на генерација.

Програмата за јавна и културна дејност се реализира согласно потребите и интересите на учениците и училиштето, можностите на локалната средина и календарот на значајни празници и настани. Со нејзината реализација се очекува да се создаде позитивна и поттикнувачка училишна клима, да се зголеми активното учество на учениците и да се зајакне улогата на училиштето како важен центар на културниот и општествениот живот во локалната заедница.

ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Планирана програмска активност	**Време на реализација**	**Начин на спроведување**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден (свечен прием на првачињата)	септември	Свечена приредба. Меѓусебно дружење – родители, ученици и наставници.	Развој на позитивна училишна клима и срдечно добредојде за првачињата.	Директор, педагог, психолог, наставници.
Одбележување на 8 Септември – Ден на независноста на РМ	септември	Читање реферат.	Продлабочување на знаењата од националната историја.	Предметни и одделенски наставници.
Одбележување на Светскиот ден на учителот	октомври	Читање реферат.	Одбележување на оваа благородна професија.	Директор, педагог, психолог, наставници.
Одбележување на детската недела	октомври	Приредба по повод прием на првачиња во детската организација.	Развивање позитивни карактерни особини – нови членови во детската организација.	Предметни и одделенски наставници.
Одбележување на денот на востанието на Република Македонија – 11 Октомври	октомври	Читање на реферат од страна на учениците.	Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ.	Предметни и одделенски наставници.

Ден на македонската револуционерна борба	октомври	Читање на реферат од страна на учениците.	Збогатување на знаењата за празникот.	Предметни и одделенски наставници.
Месец на книгата	октомври–ноември	Литературен конкурс, средба со познати македонски автори, промоции на книги и училишни списанија, филмови и видео проекции, изложби, квизови, избор на најчитани книги и на најдобрите читатели, работилници, секции и клуб за читање, награди за најверните посетители.	Подигнување на свеста за учество во натпревари; Подигнување на читачкиот дух како потреба на учениците на книги како лектири и слободна книга.	Предметни и одделенски наставници.
Одбележување на Свети Климент Охридски	декември	Читање на литературни творби.	Информираност и збогатени знаења за празникот.	Предметни и одделенски наставници.
Ден на Општина Лозово	декември	Настап на училишен хор, литературен и ликовен конкурс.	Информираност и збогатени знаења за празникот.	Предметни и одделенски наставници.
Новогодишен хепенинг	декември	Новогодишна работилница, продажен штанд, новогодишен концерт.	Развивање на креативност и меѓусебно дружење.	Одделенски и предметни наставници.
Одбележување на Денот на жената – 8 Март	март	Литературен и ликовен конкурс.	Подигнување на свеста за учество на конкурс, подигнување на натпреварувачки дух.	Предметни и одделенски наставници.
Одбележување на Денот на пролетта	март	Засадување на садници во училишниот двор.	Развивање на еколошка свест.	Предметни и одделенски наставници.
Ден на шегата, подготовки за маскенбал	април	Изработка на маски, презентација на	Развивање на креативност, меѓусебно	Предметни и одделенски наставници.

		маски.	дружење и забава.	
Патронен празник на нашето училиште – ООУ Методи Митевски – Брицо	април	Приредба, положување цвеќе на бистата во холот, во училиштето, доделување на награди од литературен и ликовен конкурс.	Тимска работа.	Предметни и одделенски наставници, директор.
Светски ден на планетата Земја	април	Ликовен и литературен конкурс.	Подигнување на свеста за учество на конкурси.	Предметни и одделенски наставници.
Светски ден на уметноста	април	Ликовен конкурс.	Подигање на свеста за учество на конкурси. Информирање и збогатување на знаењето за денот на уметноста.	Предметни и одделенски наставници.
Велигден	април–мај	Изработка и продажба на ученички креации.	Развивање на креативност.	Предметни и одделенски наставници.
Ден на книгата	април	Посета на саем на книга.	Развивање навика за читање.	Предметни и одделенски наставници.
Ден на трудот	мај	Читање на реферат.	Информираност и збогатување на знаењата за празникот.	Предметни и одделенски наставници.
Ден на Европа	мај	Читање на реферат.	Информираност и збогатување на знаењата за Денот на Европа.	Предметни и одделенски наставници.
Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј	мај	Реферат за Кирил и Методиј, ликовен конкурс.	Подигнување на свест и мотив за работа, меѓусебно дружење. Развивање на креативност.	Предметни и одделенски наставници.
Ден на заштита на животната средина	јуни	Уредување на дворот и училниците.	Развивање на еколошка свест.	Предметни и одделенски наставници.
Крај на учебна година	јуни	Завршна приредба, свечено	Меѓусебно дружење и	Предметни и одделенски

		доделување на награди и признанија на наставниците и учениците.	комуникација.	наставници, директор.

Изработиле:	**Китанова Ленче** **Игор Колев** **Бојан Тосевски**
Место и датум:	**Лозово, 28.8.2026**

ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Реализацијата на Годишната програма континуирано ќе ја следат: Училишниот одбор, Советот на родителите, Наставничкиот совет, Државниот просветен инспекторат, Локалната самоуправа - одделението за образование и одговорниот советник од Бирото за развој на образованието.

Следењето на организацијата, реализацијата и ефикасноста на наставните и воннаставните активности, следењето на сите видови подготовка на наставата и воннаставните активности ќе бидат задачи на директорот на училиштето во соработка со стручните работни, одговорниот советник и останатите советници од Бирото за развој на образованието.

Активности на тимовите испланирани во Годишната програма за работа во училиштето	**Временска рамка**	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
Тим за поддршка на работата на ученички парламент и ученик правобранител	Во текот на учебната година	Тимот за поддршка на Ученичкиот парламент Ученици Одговорни наставници	Разговор со претставници на ученичкиот парламент и ученик правобранител Извештаи од состаноци Ученички иницијативи	Потребните инструменти се наведени во посебните акциони планови на тимовите	Зголемена демократска партиципација на учениците во парламентот	Тимот за поддршка
Тим за реализација на проекти МИО	Во текот на учебната година	Сите наставници Директор	Спроведени активности Извештаи за реализирани часови	Потребните инструменти се наведени во посебните акциони планови на тимовите	Промовирање на мултикултурализам, интеркултурализам и почит кон разликите	Директор и тим на СИТ Тим за интеграција
Тим за професионална ориентација на учениците	Во текот на второто полугодие	Директор Психолог Класни раководители на IX одделение Ученици од IX одделение	Проценка на интереси и способности Индивидуални средби Презенатција на средни училишта - флаери, постери, саеми	Потребните инструменти наведени се Програмата на професионална ориентација на учениците	Помош за избор на соодветно средно училиште и продолжување на образованието	Директор Тим за професиона лна ориентација
Тим за професионален и кариерен развој	Во текот на учебната година	Директор Сите наставници и стручни соработници	Посетени обуки Реализирани обуки и Дисеминации Интерни обуки	Потребните инструменти се наведени во акциониот план	Стекнување на нови и усовршување на постојните	Директор и стручни соработниц и

					компетенции	
Инклузивен тим	Во текот на учебната година	Директор Тимот за инклузија Ученици	Извештаи од спроведени обуки и работилници за работа со ученици со секаков вид на попреченост	Инструментите се наведени во Програмата за инклузивен тим	Инклузија на ученици во редовната настава од секаков вид на попреченост	Директор и членови на УИТ
Тим за промоција на Училиштето и реализација на проекти во училиштето	Во текот на учебната година	Директор Координатори на проекти Ученици	Патувања и реализација на активностите од проектите Дисеминација Извештаи од спроведени активности	Работилници Инструментите се наведени во Програмата за проекти кои се реализираат во училиштето	Размена на искуства	Директор Координато ри на проекти
Тим за изработка на Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето	Јануари, 2026 Јуни, 2026	Директор Сите наставници Стручна служба	Извештаи од реализирани активности за учебната 2025/2026 година	Прилози на програми во Годишната програма	Согледување на фактичката состојба	Директор и стручни соработниц и
Тим за следење на воннаставни активности	Во текот на учебната година	Директор, Стручна служба, наставници	Извештаи од реализирани воннаставни активности	Прилози на програми во Годишната програма	Личен развој, социјален развој, образовен развој	Директор и стручни соработници
ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОП-	Во текот на учебната година	Директор, стручна служба, наставници	Идентификација на учениците, соработка со стручни	Дијагностички инструменти,наста вни и методички	Развој на когнитивни способности,социј	Директор, дефектолог, психолог,педа

Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби			лица,изработка на индивидуализирани наставни програми, инклузивни техники,	инструменти,организациски инструменти, евалуација	ални и емоционални вештини,прилагодување на индивидуални потреби	гог, наставници
Програма за работа со надарени, креативни и талентирани ученици	Во текот на учебната година	психолог, Натали Стојанова	Идентификација на учениците, тестирање и проценка, соработка со родители,специјализирани секции,конкурси и натпревари	Дијагностички инструменти,проценка од наставници,портфолија на ученици,	Развој на интелектуални способности,креативност и иноватицвност,јакнење на социјални и комуникативни вештини	Директор, стручни соработници, наставници
Програма за работа на Училишен инклузивен тим	Во текот на учебната година	дефектолог	Формирање на инклузивниот тим(состав на тим,дефинирани улоги,) идентификацијана потребите на учениците, индивидуални планови	Дијагностички инструменти,наставни и методички инструменти	Развој на социјални и емоционално вештини,подобрување на наставниот процес	Директор, стручни соработници, наставници
Програма за јавна и културна дејност на училиштето	Во текот на учебната година	Директор, наставници	**Планирање и организација** **Активности во рамки на училиштето** Прослави и тематски недели (Недела на книга, Ден на јазиците, Ден на екологијата и сл.).	Организациски инструменти(наставни и воннаставни планови),изложби, социјални мрежи,	Развивање креативност и иновативност,јакнење на комуникациски и социјални вештини,развивање критичко мислење подобрување на самодоверба,под	Наставници , директор

					обрување на училишната клима,	
Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар	Во текот на учебната година	Тим за професионален развој	Планирање и организација (Изработка на годишен план за професионален и кариерен развој согласно приоритетите на училиштето и потребите на кадарот) **Практична примена и иновации** Следење и евалуација (Водење евиденција за учество на наставниците во обуки и активности. Изготвување извештаи за резултатите од примената на новостекнатите знаења. Повратни информации од учениците и колегите за ефектите од новите методи.)	Работилници,интерни обуки, сертификати за учество	Подобрување на компетенциите на кадарот, Подобрен квалитет на наставниот процес, Личен и професионален развој	Тим за професионален развој, Директор
Програма за еколошка едукација, естетско и функционално уредување и одржување на хигиената во	Во текот на учебната година		Еколошка едукација, Естетско уредување на училиштето, Одржување на хигиената	Планови и програми, Формирање Еко-секција или Еко-одбор (ученици, наставници, родители),	Социјален и воспитен ефект Подобрена соработка помеѓу наставници, ученици и	Директор Наставници

училиштето				Мотивирачки инструменти (Награди и признанија за најдобро уредена училница,Јавно пофалување на ученици и одделенија.)	родители. Развивање на тимска работа и волонтерски дух кај учениците. Создавање чувство на припадност и гордост кон училиштето	
План за следење и анализа на состојбите со оценувањето	Во текот на учебната година	Директор стручна служба наставници	Извештаи, оценувања, тестови,), ученичко портфолио,	Листи за проверка (checklists),ученичко портфолио, Дневник за евиденција на оценувањето	Свесност на учениците за сопствениот напредок,зголемена мотивација за учење,развој на критичко мислење,разбирање на критериуми за оценување,подобрување на наставниот процес, подобрување на комуникација со родители,подобрување на настават,транспарентни процеси на оценување	Директор стручна служба наставници

ПРОГРАМА ЗА СПОРТСКИ УЧИЛИШЕН КЛУБ	Во текот на учебната година	Љупчо Димовски, Антонио Китановски, Деан Смилевски	Поставување цели,изработка на календар на активности,спортски клубови и секции,	Индивидуален пристап,тимска работа и кооперативни игри,	Подобрување на физичките способности,развој на социјални и тимски вештини,подобрување на дисциплина и одговорностјакнење на соработка со колеги	Директор, наставници по ФЗО
Тим за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција	Во текот на учебната година	Одговорни наставници	Извештаи, Дисеминации, Спроведени активности	Работилници, програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција	Инклузивен развој, социјален развој, образовен развој, ширење на мултикултурализам	Тим за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција
Тим за подготовка на Годишна програма и прилози кон годишната програма	Август, 2026	Директор Тим за изработка, одговорни наставници	Годишна програма за работа на училиштето за учебна 2026/2027	Потребните инструменти се наведени во акциониот план	Законски и правилно планирање на работата на училиштето	Директор Тим за изработка на Годишна програма

Прилог бр. 39

ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО“
ЛОЗОВО



за учебната 2026/2027 година

Согласно чл. **Член 34 од Законот за Основно образование:**

Министерот на предлог на Бирото донесува Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици. Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.

Концепцијата за поддршка на надарени и талентирани ученици **е во процес на изработка** кој го предводи МОН.

---

1. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

Програмата за работа со надарени и талентирани ученици се темели на потребата училиштето да обезбеди систематско рано препознавање, идентификација, развој и поддршка на учениците со натпросечни способности, потенцијали и специфични таленти.
Надареноста и талентираноста не се поистоветуваат единствено со висок училишен успех. Ученикот може да покажува изразени способности во една или повеќе области, а притоа неговите способности не секогаш целосно се одразуваат преку редовното оценување.

Програмата опфаќа ученици кои покажуваат потенцијал или изразени способности во:

- интелектуалната и когнитивната област;
- јазичното и литературното творештво;
- математиката;
- природните науки;
- информатиката и дигиталните технологии;
- креативното и дивергентното мислење;
- ликовната уметност;
- музиката;
- драмско-сценското изразување;

- спортот;
- техничко-творечката област;
- лидерството и организациските способности;
- социјалните и комуникациските способности;
- други специфични области.

Програмата ќе се реализира преку соработка на стручната служба, наставниците, учениците, родителите и, по потреба, надворешни експерти и институции.

2. ОСНОВНА ЦЕЛ

Создавање систем на рано препознавање, идентификација, развој и поддршка на надарените и талентирани ученици преку обезбедување соодветни образовни, развојни, менторски и социо-емоционални можности за целосно развивање на нивните потенцијали.

3. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ


- Рано препознавање на учениците со потенцијална надареност и талентираност.
- Развивање на објективен систем за идентификација.
- Идентификување на различни видови на надареност и талентираност.
- Намалување на ризикот на надарените ученици да останат неидентификувани.
- Обезбедување индивидуализирани можности за напредување.
- Поттикнување на креативноста, критичкото и истражувачкото мислење.
- Поттикнување учество на натпревари, олимпијади, проекти и други активности.
- Развивање менторска поддршка.
- Обезбедување социо-емоционална поддршка.
- Поттикнување самодоверба, мотивација и истрајност.
- Развивање на интересите и силните страни на учениците.
- Вклучување на родителите во развојот на потенцијалите на детето.
- Развивање партнерства со локалната заедница, високообразовни институции, организации и експерти.

- Следење и евалуација на напредокот на идентификуваните ученици.

4. ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

Работата со надарени и талентирани ученици ќе се темели на:

- инклузивност – можност за препознавање на секој ученик;
- еднакви можности – независно од социјалниот и економскиот статус;
- индивидуализација;
- континуираност;
- објективност;
- доверливост и заштита на личните податоци;
- почитување на индивидуалните разлики;
- развој на потенцијалот, а не само на моменталниот успех;
- соработка со родителите;
- ученичко учество;
- социо - емоционална поддршка.



5. ЦИКЛУС НА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Програмата се реализира низ пет поврзани фази:

- ПРЕПОЗНАВАЊЕ
- СКРИНИНГ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА
- ИЗРАБОТКА НА ПРОФИЛ
- РАЗВОЈ И ПОДДРШКА
- СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Носители на програмата

Главни носители на Програмата за откривање, развој и поддршка на надарените и талентираните ученици се:

- Директорот на училиштето – обезбедува организациски услови и поддршка.
- Наставниците – ги препознаваат потенцијалите и непосредно работат со учениците.
- Психологот и педагогот – учествуваат во идентификацијата, следењето и психолошко-педагошката поддршка.
- Наставниците-ментори – индивидуално го насочуваат и следат развојот на талентот.
- Родителите – партнери во препознавањето и развојот на потенцијалите.
- Надарените и талентираните ученици – активни учесници и носители на сопствениот развој.
- Надворешни институции и експерти – универзитети, факултети, стручни здруженија, центри и други специјализирани институции.

ФАЗА 1 – РАНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ

Цел: Навремено препознавање на учениците кои покажуваат натпросечни способности или потенцијал.

Активност	Реализатори	Време
Набљудување на учениците во наставата	наставници	континуирано
Идентификување ученици со изразени интереси и способности	наставници	септември–октомври
Анализа на ученички изработки	наставници	континуирано
Следење на учество и резултати на натпревари	наставници/стручна служба	континуирано

Предлог од наставник за потенцијално надарен/талентиран ученик	наставници	по потреба
Предлог од родител	родители	по потреба
Самопредлагање на ученикот	ученици	по потреба
Размена на информации на стручниот тим	психолог/педагог/наставници	октомври

ФАЗА 2 – СКРИНИНГ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Скрининг

Стручната служба, во соработка со наставниците, ќе реализира почетен скрининг. Ќе се користат повеќе извори на информации:

1. Наставничка проценка

Наставниците ќе пополнуваат кратка листа на индикатори.

Примери:

- брзо совладува нови содржини;
- поставува необични и продлабочени прашања;
- покажува силна љубопитност;
- има богат речник;
- пронаоѓа повеќе решенија;
- покажува оригиналност;
- работи самостојно;
- покажува силен интерес за одредена област;
- има исклучителна меморија;
- покажува силни истражувачки способности;
- покажува лидерски способности;
- создава оригинални продукти.

2. Анализа на постигањата

- оценки;
- тестови;
- ученички проекти;
- истражувачки задачи;
- натпревари;

- портфолија.

3. Психолошка проценка

По потреба, психологот може да користи соодветни инструменти за проценка на:

- интелектуални способности;
- специфични способности;
- креативност;
- когнитивен потенцијал.

4. Проценка на специфичниот талент

За музика, спорт, ликовна уметност, драмска уметност и други области, проценката ќе се врши со соодветни критериуми и во соработка со предметните наставници/стручни лица.

Ученикот може да биде идентификуван врз основа на комбинација од:

Критериум	Индикатори
Способности	натпросечно когнитивно функционирање
Постигнување	исклучителни резултати во одредена област
Креативност	оригиналност, флексибилност, идеи
Мотивација	силен и траен интерес
Продуктивност	создавање оригинални продукти
Потенцијал	способности кои сè уште не се целосно развиени
Специфичен талент	спорт, музика, уметност, технологија итн.
Наставничка проценка	систематско набљудување
Родителска проценка	способности забележани надвор од училиштето
Самопроценка	интереси и области во кои ученикот се доживува како успешен

ФАЗА 3 – ИНДИВИДУАЛЕН ПРОФИЛ НА УЧЕНИКОТ

За секој идентификуван ученик се изработува **Индивидуален профил на надарен/талентиран ученик**.

Основни податоци: ученик; одделение; област на надареност/талент;

Силни страни

Области на интерес

Потенцијали

Образовни потреби

Социо-емоционални потреби


Цели

Планирани активности
Ментор
Начин на следење
Постигнати резултати

ФАЗА 4 – ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

За идентификуваните ученици се обезбедуваат различни форми на работа.

- **Збогатување на наставата**
- дополнителни истражувачки задачи;
- сложени проблемски задачи;
- отворени задачи;
- задачи со повеќе решенија;
- проекти;
- мини-истражувања;
- работа со дополнителни извори;
- ученички презентации.



- **Продлабочување**

Наместо ученикот само да решава **повеќе задачи**, ќе добива **посложени задачи**.

- **Менторска работа**

Секој ученик со изразен потенцијал може да има наставник-ментор.
Менторот:

- поставува индивидуални цели;
- го насочува ученикот;
- избира соодветни ресурси;
- следи напредок;
- подготвува ученик за натпревари;
- поттикнува самостојна работа.

ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ПО ОБЛАСТИ

Математичко-природни науки

- математички предизвици;
- STEM проекти;
- експерименти;
- истражувања;
- математички натпревари;
- истражување на локални еколошки проблеми.

Јазици и литература

- креативно пишување;
- ученички весник;
- литературни конкурси;
- дебати;
- говорни вежби;
- пишување приказни/поезија.

Дигитални технологии

- програмирање;
- дигитални проекти;
- роботика;
- креирање дигитална содржина;
- медиумска продукција.

Уметност

- ликовни конкурси;
- изложби;
- музички настапи;
- драмски активности;
- дизајнерски проекти.

Спорт

- идентификација на специфични моторички способности;
- спортски секции;
- натпревари;
- индивидуална програма за развој.

Лидерство

- ученички иницијативи;
- организација на училишни настани;
- ученички парламентарни активности;
- волонтерски акции;
- врсничка поддршка.

ПРЕДЛОГ - КОНКРЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Активност	Време	Реализатори	Индикатор
Изработка на листа за препознавање на надареност	септември/октомври	психолог, педагог	изработена листа
Информирање на наставниците	септември	стручна служба	100% информирани наставници
Наставничко номинирање ученици	Октомври/ во текот на прво тромесечие	наставници	број номинирани ученици
Скрининг	октомври–ноември	психолог	реализиран скрининг
Анализа на училишните постигања	октомври	психолог/педагог	анализа
Анализа на резултати од натпревари	октомври	стручна служба	листа на ученици
Психолошка проценка	ноември	психолог	број проценети
Проценка на креативност	ноември	психолог/наставници	број ученици
Идентификација по области	ноември	тим	профили
Разговор со учениците	ноември	психолог	реализирани разговори
Средба со родители	ноември–декември	психолог/наставник	број средби
Изработка на индивидуален профил	ноември–декември	тим	профили
Определување ментори	ноември–декември	директор/стручна служба	ментори
Индивидуални развојни планови	ноември–декември	ментори	план за секој ученик
Истражувачки проекти	јануари–мај	наставници/ученици	реализирани проекти
STEM активности	континуирано	наставници	број активности
Подготовка за натпревари	континуирано	наставници	учество/резултати
Презентација на ученички продукти	мај	ученици/наставници	јавна презентација
Социо-емоционални работилници	по потреба	психолог	број работилници
Евалуација на програмата	мај–јуни	стручна служба	извештај

6. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

Во зависност од потребите и случаие, че се организираат:

- индивидуални советувања;
- информативни средби;
- советување за поддршка дома;
- информирање за натпревари и можности;
- насочување кон надворешни активности;
- размена на информации за интересите и способностите на ученикот.

7. СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА ПОДДРШКА

Психологот ќе работи на:

- самодоверба;
- мотивација;
- справување со неуспех;
- поставување реални цели;
- справување со фрустрација;
- комуникација со врсници;
- развивање социјални вештини;
- развивање истрајност и резилиентност.



8. СОРАБОТКА СО НАДВОРЕШНИ ИНСТИТУЦИИ

По потреба училиштето ќе соработува со:

- Бирото за развој на образованието;
- Министерството за образование и наука;
- високообразовни институции;
- научни и истражувачки организации;
- културни институции;
- спортски клубови;
- локални компании;
- НВО;
- експерти од различни области;
- други основни и средни училишта.

9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

До крајот на учебната година се очекува:

- да биде воспоставен систем за препознавање;
- да бидат идентификувани ученици со потенцијална надареност/талентираност;
- секој идентификуван ученик да има профил;
- учениците да добијат индивидуализирани можности;
- да се зголеми бројот на истражувачки и креативни активности;
- да се зголеми учеството на учениците на натпревари;
- да се развиваат ученичките продукти;
- да се подобри мотивацијата;
- да се подобри самодовербата;
- родителите да бидат активно вклучени;
- наставниците да развиваат компетенции за работа со надарени ученици.

10. МЕРЛИВИ ИНДИКАТОРИ

Евалуација на програмата преку:

1. број на наставници вклучени во препознавањето;
2. број на номинирани ученици;
3. број на идентификувани ученици;
4. број на изработени индивидуални профили;
5. број на реализирани менторски средби;
6. број на дополнителни/збогатени активности;
7. број на истражувачки проекти;
8. број на ученички продукти;
9. број на учества на натпревари;
10. број на освоени награди/пласмани;

Изготвиле:

Даниела Мијалковска - психолог - ментор, Натали Стојанова - наставник по англиски јазик, Владимир Цветковски - наставник - советник, Марина Доневска - наставник по географија, Ѓоко Стојчевски - одделенски наставник

2.9. 2026 година, Лозово

Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби
Прилог број 40

Наставниците во своите годишни планирања спрема составот на учениците во паралелката каде што има ученици со посебни образовни потреби изготвуваат Индивидуални планирања.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Цел	активности	субјекти	инструменти/ техники	временска рамка	индикатори на успех
1.детекција на ученици со посебни образовни потреби	формирање на тим за соработка со родители, наставници стручни соработници стручни лица од други институции	ученици -родители -одделенски раководители -наставници -стручни соработници стручни лица од други институции -директор	-тестови за општи интелектуални способности -проективни техники -стручна литература -наставни средства и помагала дефектолошка дијагностика	во текот на целата година/континуирано	формиран тим за инклузија рано откривање на ученици со посебни образовни потреби
2.работа со ученици со посебни образовни потреби	индивидуална работа, работа во група и фронтална работа со ученици со посебни образовни потреби	ученици родители одделенски раководител наставници стручни соработници	тестови за општи интелектуални способности тестови на знаења тестови за психо-физичките можности	- во текот на целата година/континуирано	совладување на наставните содржина од страна на учениците со посебни образовни потреби
3.изготвување на ИОП	во зависност од	-ученици -родители	-тестови за општи интелектуални	на почетокот	совладување на наставните

	можностите на ученикот се изготвува ИОП за ученици со посебни образовни потреби -одредување на методи за работа -континуирано соработка со сите вклучени субјекти	одделенски раководител наставници -стручни соработници -стручни лица од други институции -директор	способности -тестови на знаења -тестови за психо-физичките можности	на учебната година и на тримесечје по потреба доколку има отстапување од ИОП	содржина од ИОП -от од страна на учениците со посебни образовни потреби
4.евалуација на постигнувањата од работата соученици со посебни образовни потреби	-во зависност од можностите на ученикот се проверува дали ИОП-от за ученици со посебни образовни потреби е соодветен. усно или писмено информирање на родители старатели за начините за работа и постигнувања	ученици Родители одделенски раководител наставници стручни соработници	тестови на знаења тестови за психо-физички можности тестови за општи интелектуални способности	на тримесечје, а по потреба и по завршување на одредена наставна содржина	-ученикот се проверува дали ИОП-от за ученици со посебни образовни потреби е соодветен -усно или писмено информирање на родители/старатели за постигнувањата на ученикот

	та				

Изработил:
Дипл.дефектолог-Виолета Сачевска

Прилог бр. 41

Годишната програма за Антикорупциска едукација на учениците во ООУ ”Методи Митевски-Брицо” Лозово

за учебната 2026/27 година

ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО“

ЛОЗОВО

Септември, 2026 година

Воннаставни активности во работата на училиштето

Во рамките на воспитно-образовната дејност училиштето како и изминатите така и во учебната 2026/27-та година ќе организира и остварува разновидни воннаставни активности.

Предвидени се и активности кои што се во функција на поттинување на развивање потенцијали кај учениците кои се однесуваат на изградување на основите на моралната структура градење систем на вредности, односно прифаќање на позитивни социјални норми на размислување и однесување.

Во тој поглед во рамки на воннаставните активности училиштето планира спроведување на Програма за антикорупциска едукација на учениците.

АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Низ процесот на образование учениците треба да ги осознаат и почитуваат принципите на развиеното демократско општество, односно да развијат вештини за функционирање во демократско опкружување.

Борбата против корупцијата е едно од подрачјата кое е недоволно развиено;граѓаните не се доволно информирани или нивните знаења се нецелосни. Истотака, малку се знае и за заштитата од корупцијата. Овој податок е присутен скоро на сите нивоа на нејзината вклученост во општеството, и од страна на оние коишто ја нудат и од страна на оние коишто ја примаат. Во текот на својот живот,граѓаните и институциите на макро ниво, како и родителите и учениците на микро ниво, најчесто несвесно ја применуваат корупцијата при најобичните секојдневни активности, како дел од традиционалното однесување, неразмислувајќи за истата како појава, а уште помалку за борбата против неа сметаме дека треба да постојат и субјекти и механизми кои ќе им предочат на другите што е корупција и како треба да се борат против неа.

Сметаме дека постои потреба сите да бидат запознаени со антикорупцијата како појава, со облиците во кои може да се појави корупцијата и со борбата против неа. Едукацијата на граѓаните е значајна подеднакво за сите, но најдобро е доколку ги одбереме учениците во основните училишта како целна група, кои учат како да станат активни граѓани, учат за демократијата и како да ги практикуваат нејзините позитивни вредности.

Во основното образование во Република Македонија се развива свеста задемократијата преку повеќе наставни предмети. Наставниот предмет *Граѓанско образование* е директно поврзан со теми во врска со демократијата и со развојот на граѓанскиот систем, со чија помош учениците се едуцираат како да бидат добри граѓани. Во споменатиот наставен предмет, сепак можеме да констатираме дека нема дел ниту посебна содржина кои се однесуваат на антикорупциската борба.

Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот опфатен во проектот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.

Со мотото **„Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш“** се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме. Целите кои ги вклучува програмата за антикорупциска едукација, посветена на учениците од основните училишта, е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

Програмата за антикорупциска едукација на учениците од IX-то ќе опфати:

- **пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;**
- **предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;**
- **работилница за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;**
- **организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;**
- **покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.**

Ученикот/ученичката е потребно:
- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија.

3. Поими

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

4. Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)

а) Носечка реченица:

Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш.

б) Други реченици посветени на корупцијата:

Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.
Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои!
Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.
Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.
Со корупција сите плаќаат двојно.

Конкретни цели и активности

Содржина	Цели	Вид на активност	Активности	Период на реализација
Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата	Да се согледаат предзнаењата на учениците	**Прашалник за учениците**	Пополнување на прашалникот од страна на учениците	**Ноември, 2026**
Стекнување на основни знаењаза корупција и антикорупција	Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за спречување наДа се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален	**Предавање и вежби**	Предавање; power point презентација; дискусија; крстозбор	**Јануари, 2027**

	притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на			
Активна борба против корупцијата: постери	Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата; да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација; да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество	Работилница	///	**Април, 2027**

Покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.				**По договор, во текот на второто полугодие од учебната 2026/27 година**
Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата	Да се утврдат знаењата на учениците; да се види дали учениците научиле од проектот *„Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“*	Прашалник за учениците и активности за повторување	Пополнување на прашалникот од страна на учениците	**Мај, 2027**
Облици во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; Препознавање на механизмите за спречување на корупцијата	Да се утврдат ефектите од претходните активности кај учениците; Што научивме?	Натпревар за најдобар стрип, флаер, цртеж,литературна творба	Организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупцискатa едукација;	**Мај, 2027**

Изработил:

-Тоде Николовски – помошник директор_____

Прилог бр.42 Програма за работа на стручен актив на одделенски наставници

Бр.	Планирана активност	Цели и задачи	Реализатори	Време	Очекувани резултати / исходи	Следење и евалуација
1	Конституирање на Стручниот актив и усвојување на програмата	Организирање на работата и утврдување приоритети	Членови на активот	август	Усвоена програма и приоритети	Записник
2	Анализа на постигањата од претходната учебна година	Утврдување силни страни и области за подобрување	Стручен актив	август	Утврдени потреби и мерки	Анализа
3	Усогласување на годишни, тематски и дневни планирања	Обезбедување усогласеност со наставните програми и стандарди	Одделенски наставници	август	Функционални планирања	Увид
4	Разгледување и избор за посета на акредитирани обуки за ЛППР предложени од БРО	Разгледување и избор на две акредитирани обуки , понудени во Каталог од БРО;	Стручен актив	август	Продлабочување на знаењата и вештините на наставниците	Увид
5	Размена на искуства за активни методи и техники	Подобрување на квалитетот и активноста на учениците	Членови на активот	Септември–октомври	Поголема мотивација и активност	Примери од практика
6	Планирање и организирање активности по повод Детска недела	Развивање свест за детски права, обврски и почитување, прием на првачиња во Детската организација	Наставници и ученици	Прва недела октомври	Развиени социјални компетенции	Работилници/изложба
7	Работилници за читачка писменост	Развивање читање со разбирање и јазична култура	Наставници	Октомври и континуирано	Подобрени читачки вештини	Работни листови
8	Разгледување на успехот и напредокот на учениците	Навремено согледување образовни, социјални и емоционални потреби	Наставници и стручна служба	Ноември и континуирано	Навремена поддршка	Набљудување/ евиденција
9	Договарање и подготовка на учениците за училишни натпревари	Учество на учениците на натпреварите, поттикнување и зајакнување на натпреварувачки от дух.	наставници	Декември и континуирано	Навремена поддршка	Набљудување/ евиденција
10	Анализа на постигањата на полугодие	Утврдување напредок и мерки за подобрување	Стручен актив	Јануари	Утврдени мерки	Анализа/записник
11	Размена на искуства за оценување	Унапредување на формативното и сумативното оценување	Членови на активот	Јануари–февруари	Пообјективно оценување	Примери
12	Пријавување на ученички точки за патроniот	Развивање креативност, тимска работа и	Наставници и ученици	февруари	Подготвена програма	Проби/реализација

	празник	одговорност				
13	Одредување на активности по повод 8 Март – Ден на жената	Развивање почит, еднаквост и благодарност	Наставници и ученици	Март	Развиени вредности	Творечки активности
14	Работа во училишната градина/пластеник	Подготовка на почвата, сеење, садење и нега; развој на работни навики	Наставници и ученици	Март–мај	Практични знаења и одговорност	Дневник на градината
15	Подготовка и одбележување на патронен празник	Негување традиција, припадност и почит кон училиштето и патронот	Наставници, ученици, стручна служба	Април	Успешно реализирани активности и пригодна програма	Извештај, фотографии, продукти
16	Прогласување на најуспешните ученици -24 Мај – Св. Кирил и Методиј	Запознавање со значењето на просветителите и писмеността	Наставници и ученици	Мај	Развиена свест за културното наследство	Пригодни активности
17	Соработка со стручната служба	Заедничко решавање образовни и воспитни предизвици	Наставници и стручна служба	Континуирано	Навремена поддршка	Записници
18	Соработка со родители/локал на заедница	Информирање и активно вклучување на родителите	Одделенски наставници	Континуирано	Подобрена соработка	Средби/евиденција
19	Завршна анализа на работата на активот	Сумирање активности и насоки за следната година	Членови на активот	Јуни	Годишен извештај и предлози	Извештај
20	Евалуација на програмата	Проценка на остварености на целите	Стручен актив	Јуни	Утврдени реализирани/нереализирани активности	Самоевалуација

Изготвил:

Јелена Панева

ПРИЛОГ БР.43

Годишна програма за работа на јазичниот актив (англиски јазик, германски јазик и македонски јазик) во учебната 2026/2027

Месец	Наставни содржини	Цели и задачи	Форми, постапки и методи	Соработници – реализатори	Очекувани ефекти
Август	Подготовка (изработка) и усогласување на годишни планирања меѓу членовите од активот.	Осовременување на наставата со застапеност на интерактивен пристап, користење на современа технологија и дигитални ресурси.	Дискусија, работа во групи	Предметни наставници по јазик	Подобрена соработка и усогласување на планови, поттикнување на дигитализација
Септември	1.Избирање на претседател на активот. 2.Донесување на програма за работа. 3.Формирање ученички клубови (Јазичен клуб, Драмска секција). 4.Активности за Денот на Европските јазици.	Подобрување на работата на наставниот кадар и збогатување на наставата преку клубови.	Метод на разговор, планови	Стручна служба, директор, актив	Зголемена мотивација кај учениците, поголема видливост на јазичниот актив
Октомври	1. Стратегија за интеграција на часови (тимско предавање по различни јазици на заедничка тема). 2. Соработка	Меѓупредметна и интеркултурна соработка.	Разговор, работилници, средби со родители	Наставен кадар, родители	Подобрување на квалитетот на наставата и поддршка за учениците

	со родители за надминување на потешкотии во наставата.				
Ноември	Месец на книгата (натпревар во пишување есеј/поезија).	Поттикнување на култура на дијалог, читање и креативност.	Активности со учениците	Директор, педагошка служба, наставници	Поголема ученичка активност и видливост на јазичниот актив
Декември	1. Анализа на успехот и поведението во првото полугодие. 2. Предлози за подобрување на успехот. 3.Активности за Денот на општината.	Анализа и мерки за подобрување на наставата и постигањата.	Консултации, разговор	Директор, педагошка служба, наставници	Подобрени резултати на учениците
Февруари	Меѓусебна посета на часови и размена на идеи.	Размена на идеи и имплементација на нови пристапи.	Посета на часови, дискусија	Директор, педагошка служба, наставници	Имплементирање на новитети
Март	1. Планирање на часови: учење низ игра, проекти, автентично учење. 2. Подготовка на ученици за натпревари. 3.Професионално информирање на учениците.	Унапредување на наставата и поддршка за натпревари.	Додатна настава, работилници	Директор, педагошка служба, наставници	Поголем успех на натпревари и ученички проекти
Април	1. Извештај од посетени часови и заклучоци. 2. Подготовки за патронатот на	Подобрување на наставата и заедничко делување.	Консултации, тимска работа	Директор, педагошка служба, наставници	Поголема ефикасност и креативност во наставата

	училиштето.				
Мај	1.Одбележување на Денот на Европа (9 мај). 2.Сесловенската писменост – презентации, драматизации.	Меѓупредметна и културна соработка.	Активности со ученицитe	Наставници, стручна служба	Ученици со активна улога во културни настани
Јуни	Финален извештај за активностите.	Евалуација и анализа за подобрување.	Извештај, дискусија	Наставници од активот, педагошка служба, директор	Унапредување на квалитетот на наставата за следната година

Наставници : Ленче Китанова – македонски јазик

Марија Чукниева - Недевска – англиски јзик

Натали Стојанова – англиски јазик

Јулија Трендафилова– англиски јазик

Викторија Сандева -германски јазик

ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО“
ЛОЗОВО

Прилог 44

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ НА АКТИВОТ НА ПРИРОДНИ НАУКИ И МАТЕМАТИКА ЗА НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА, ФИЗИКА, БИОЛОГИЈА, ХЕМИЈА И ИНФОРМАТИКА

Вовед

Активот кој ќе го сочинуваат наставниците по природни науки, математика, физика, биологија и хемија треба да има меѓусебна соработка , дискусија, осврти, анализи и корелацијата меѓу наставниците треба да биде на високо ниво.

Во текот на работата на активот, можно е да се внесат некои нови содржини кои ќе бидат од посебно значење и покрај тоа што не се внасени во програмата. Активот ќе одржува редовни состаноци и по потреба, а програмата ќе се реализира по месеци.

Основни очекувани резултати:

- Подигнување на интересот и мотивацијата кај учениците за природните и точните науки.
- Поттикнување на креативност и практично знаење преку различни активности.
- Размена на искуства и методи меѓу наставниците.
- Организирање едукативни и забавни настани кои ќе ги збогатат наставните содржини.

Број	Т Е М А	ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ	ПРЕДМЕТ	УЧЕСНИЦИ	ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ	Време на реализација 2026/2027 (месец)

ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО“
ЛОЗОВО

1	-Изработка на програма на стручниот актив -Разгледување на наставните програмиза математика,природни науки, биологија, хемија, физика, географија и информатика за V, VI,VII,VIII и IX одд. - Изработка на годишни планирања - Планирање и изработка на програма за дополнителна и додатна настава.	Запознавање со новата наставните програми за математика,природни науки,биологија,хемија, физика,географија	Математика, Физика, Биологија, Хемија, Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од петто до деветто одд	Владимир Цветковски, Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Август-Септември
2	- Разгледување на активностите за унапредување на воспитно-образовната дејност - -Изработка на инструменти за објективно	Евидентирање на талентирани ученици и изнаоѓање на соодветен материјал за работа со нив.Разговор со учениците за вклучување во воннаставни и вонучилишни проекти, домашни и	Математика, Физика, Биологија, Хемија, Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од петто до деветто одд.	Владимир Цветковски, Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Септември

	вреднување на работата и унапредување на учениците –(Млади истражувачи)	меѓународни проекти и натпревари				
3	-Анализа на постигнатите резултати на учениците во првото тримесечие од учебната година. -Предлог мерки за подобрување на успехот онаму кај што истиот е послаб-дополнителна настава -Изработка на прирачни средства за демонстрирање,	Разговор со учениците за досегашниот постигнат успех и негово анализирање. Подобрување на функционалноста на кабинетите и нагледните средства	Математика, Физика, Биологија, Хемија Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од шестто до деветто одд.	Владимир Цветковски, Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Ноември

ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО“
ЛОЗОВО

4	-Дебата за поттикнување на учениците за учество на натпревари	Изработка на пано поставено во холот на училиштето Изработка на брошури, флаери, налепници	Математика, Физика, Биологија, Хемија Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од шестто до деветто одд.	Владимир Цветковски, Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Декември
5	-Анализа на полугодишните резултати од наставната работа -Дебата на тема моето идно занимање	Разговор со учениците за полугодишниот постигнат успех и негово анализирање. Изработка на брошури и налепници за промоција на природните науки, математиката, биологија и хемија	Математика, Физика, Биологија, Хемија Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од шестто до деветто одд.	Владимир Цветковски, , Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Јануари
6	Најпознатите научници	Изработка на брошури и уредување на работните простории	Математика, Физика, Биологија, Хемија Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од шестто до деветто одд.	Владимир Цветковски, Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Февруари

7	Активности за организација на натпревари	Подготовка на ученици за учество на регионални, државни и меѓународни натпревари	Математика, Физика, Биологија, Хемија Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од шестто до деветто одд.	Владимир Цветковски, , Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Март
8	Изработка на училишен весник или веб дневник Анализа на постигнатите резултати на учениците во второто тримесечие од учебната година.	Разговор со учениците за досегашниот постигнат успех и негово анализирање. Подготовка на материјали за училишен блог	Математика, Физика, Биологија, Хемија Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од шестто до деветто одд.	Владимир Цветковски, , Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Април

ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО“
ЛОЗОВО

9	Настава во природа	Реализација на предвидените активности од индивидуалните програми за поедини предмети	Математика, Физика, Биологија, Хемија Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од шестто до деветто одд.	Владимир Цветковски, Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Мај
10	Отворен ден	Изложување и презентација на реализираните проекти, постигнувања на ученици и наставници	Математика, Физика, Биологија, Хемија Географија и Информатика	Одговорни наставници и ученици од шестто до деветто одд.	Владимир Цветковски, Валентина Витева, Марина Донева и Благојче Атанасовски	Јуни

Август 2026година

Изработиле:
Валентина Витева
Владимир Цветковски
Марина Донева

Прилог бр. 45

Програма за увид во педагошка документација

АКТИВНОСТ	НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА	РЕСУРСИ	ИНСТРУМЕНТИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА	ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ
Преглед на годишните и тематските планирања на наставата	- педагог - наставници - по потреба наставник советник	- тематски планирања - наставни програми	- контролна листа за увид - белешка со препораки	Септември–октомври и при промена	Навремени, целосни и меѓусебно усогласени планирања
Преглед на распоредот на часови и организацијата на наставата	- педагог - психолог - директор - наставници	- распоред на часови - податоци за организација на наставата	- образец за проверка - споредбен увид	Септември и по секоја измена	Усогласен и ажуриран распоред и навремено евидентирани промени
Увид во е-дневникот, главната книга, евидентните листови, свидетелствата и додатоците на свидетелствата	- педагог - директор - одделенски раководители/наставници	- е-дневник - главна книга - евидентни листови - јавни исправи	- инструменти за следење - вкрстена проверка на податоци	Во текот на учебната година; пред заверка и издавање	Точна, целосна, навремена и меѓусебно усогласена евиденција
Преглед на плановите и распоредите за дополнителна и додатна настава и воннаставни активности	- педагог - психолог - наставници	- планови и распореди - евиденција за реализација	- инструменти за следење - увид во документацијата	Септември–октомври и полугодишно	Активностите се планирани според потребите на учениците и редовно се евидентираат
Следење на педагошкиот картон и професионалното досие на наставниците	- педагог - психолог - наставници - по потреба директор	- педагошки картон - професионално досие - докази за професионален развој	- евиденциски образец - индивидуален разговор	Во текот на учебната година	Ажурирана документација и утврдени насоки за професионален развој
Континуирано следење на водењето на педагошката документација и постапувањето по препораките	- стручни соработници - директор - наставници	- документација опфатена со увидот - претходно дадени препораки	- инстументи за следење - препораки - повторен увид	Во текот на учебната година, според утврдените рокови	Навремено отстранети недостатоци и подобрен квалитет на водењето
Евалуација на реализацијата на програмата и изработка на завршна анализа	- директор - стручни соработници - наставници	- евиденции од увидите - дадени препораки	- збирна анализа - прашалник за наставници - годишен извештај	Јуни–август	Утврден степен на реализација и предложени мерки за следната учебна година

Изработил: Ивана Цековски – педагог



Училиште: ООУ “Методи Митевски-Брицо”

Општина: Лозово

Наставници: Љупчо Димовски и Антонио Китановски

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СПОРТСКИ УЧИЛИШЕН КЛУБ

Учебна година: 2026/2027

1. ВОВЕД

Спортскиот училишен клуб има за цел да придонесе за правилен физички и психофизички развој на учениците преку организирани спортски активности.

Преку работата на клубот учениците ќе имаат можност да ги развиваат своите физички способности, моторички вештини и спортски знаења, како и да стекнуваат навики за здрав и активен начин на живот.

Посебно внимание ќе се посвети на развивање на тимскиот дух, дисциплината, одговорноста, фер-плејот и почитувањето на соиграчите, противниците и спортските правила.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Спортскиот училишен клуб се:

- Поттикнување на учениците за редовно занимавање со спорт.
- Подобрување на физичката подготвеност и здравјето на учениците.
- Развивање на моторичките способности.
- Совладување и усовршување на основните спортски техники и тактики.
- Создавање позитивен однос кон спортот и физичката активност.
- Развивање на тимски дух, дисциплина и фер-плеј.
- Откривање и развивање на спортски таленти.
- Подготовка на училишни спортски екипи.
- Учество на училишни, општински, зонски и регионални натпревари.

3. СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на клубот ќе се реализираат активности од следните спортови:

Футсал / фудбал

Кошарка

Ракомет

Одбојка

Атлетика

Пинг-понг

Спортски и штафетни игри

Други спортови согласно интересот на учениците и условите во училиштето.

4. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Работата на клубот ќе се реализира преку:

редовни тренинзи и спортски активности;

вежби за развој на сила, брзина, издржливост, координација и флексибилност;

совладување на основни технички и тактички елементи;

спортски игри и натпревари;

формирање и подготовка на училишни екипи;

внатрешни училишни натпревари;

учество на натпревари организирани од надлежни институции и спортски организации.

5. МЕСЕЧЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

Месец	Планирани активности
Септември	Запознавање на учениците со работата на клубот. • Утврдување на интересот на учениците за различни спортови. • Формирање на спортски групи. • Основни тестирања на моторичките способности. • Почеток на редовни тренинзи
Октомври	Развивање на основните моторички способности. • Основи на фудбал/футсал, кошарка, ракомет и одбојка. • Спортски игри и натпревари. • Селекција на ученици за училишни екипи
Ноември	Усовршување на основните технички елементи. • Тактички вежби. • Подготовка на екипите за натпревари. • Внатрешни натпревари
Декември	Спортски натпревари меѓу учениците. • Усовршување на техниката и тактиката. • Развивање на тимската игра. • Анализа на постигнатите резултати.
Јануари	Продолжување со редовните тренинзи. • Физичка подготовка. • Вежби за брзина, координација и издржливост. • Подготовка за претстојните натпревари
Февруари	Интензивна подготовка на училишните екипи. • Тактички тренинзи. • Контролни натпревари. • Подобрување на тимската игра.
Март	Учество на училишни и општински натпревари. • Подготовка за зонски натпревари. • Продолжување со редовните тренинзи
Април	Учество на натпревари.

	• Атлетски активности. • Штафетни и спортски игри. • Развој и усовршување на спортските способности.
Мај	Учество на зонски и регионални натпревари. • Подготовка на учениците за завршните натпревари. • Вреднување на постигнатите резултати.
Јуни	Завршни спортски активности. • Рекреативни спортски игри. • Анализа на работата на клубот. • Евалуација на постигнатите резултати. • Предлози за подобрување на работата во наредната учебна година.

6. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

По реализацијата на програмата се очекува:

зголемен интерес кај учениците за спорт;

подобрена физичка подготвеност;

подобрени моторички способности;

стекнати и усовршени спортски знаења и вештини;

развиен тимски дух и фер-плеј;

поголема дисциплина и одговорност;

успешно учество на спортски натпревари;

откривање и поттикнување на спортски таленти.

7. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето на работата ќе се врши преку:

редовност и активност на учениците;

следење на напредокот во спортските способности;

резултати од внатрешни и официјални натпревари;

ангажираност и однесување на учениците;

анализа на постигнатите резултати на крајот од учебната година.

8. ЗАКЛУЧОК

Спортскиот училишен клуб претставува значаен дел од воспитно-образовниот процес и има важна улога во правилниот физички, психички и социјален развој на учениците.

Преку организирана и континуирана спортска активност учениците ќе стекнуваат здрави животни навики, спортски знаења, чувство на одговорност и припадност кон училишната заедница.

Место: _____

Датум: _____

Наставник: Љупчо Димовски и Антонио Китановски

Директор: Горанче Велков



ООУ "Методи Митевски-Брицо" Лозово
Учебна 2026/27 година

Прилог бр.47

Календар за организација на учебната 2026/2027

2026	**I полугодие – 2026 година**																				
работни денови	**септември**					**октомври**					**ноември**					**декември**					ВК
понеделник		7	14	21	28		5	12	19	26	2	9	16	23	30		7	14	21	28	**16**
вторник	1	8	15	22	29		6	13	20	27	3	10	17	24		1	8	15	22	27	**16**
среда	2	9	16	23	30		7	14	21	28	4	11	18	25		2	9	16	23	30	**18**
четврток	3	10	17	24		1	8	15	22	29	5	12	19	26		3	10	17	24		**17**
петок	4	11	18	25		2	9	16	23	30	6	13	20	27		4	11	18	25		**16**
вкупно денови	**21**					**20**					**21**					**21**					**83**

2027	**II полугодие – 2027 година**																								
работни денови	**јануари**		**февруари**					**март**					**април**					**мај**					**јуни**			**вк**
понеделник		25	1	8	15	22		1	8	15	22	29		5	12	19	26	3	10	17	24	31		7		**18**
вторник		26	2	9	16	23		2	9	16	23	30		6	13	20	27	4	11	18	25		1	8		**20**
среда		27	3	10	17	24		3	10	17	24	31		7	14	21	28	5	12	19	26		2	9		**20**
четврток	21	28	4	11	18	25		4	11	18	25		1	8	15	22	29	6	13	20	27		3	10		**21**
петок	22	29	5	12	19	26		5	12	19	26		2	9	16	23	30	7	14	21	28		4			**18**
вкупно ден.	**7**		**20**					**23**					**20**					**19**					**8**			**97**

ООУ "Методи Митевски-Брицо" Лозово
Учебна 2026/27 година

Празници-неработни денови за сите граѓани на Република Северна Македонија:

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование и истиот Министерството за образование и наука го објавува во Службен весник.

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовната дејност и ученички одмор за учебната 2026/2027 година.

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), министерот за образование и наука, донесе Календар за организација и работа на основните училишта за учебната 2026/27 година.

- **Учебната година** започнува на 1-ви септември 2026-та година, а завршува на 31-ти август 2027-ма год.
- **Наставната година** започнува на 1-ви септември 2026-та година и завршува на 10-ти јуни 2027-ма год.
- **Наставната година** ја сочинуваат 2 полугодија
- **Првото полугодие** започнува на 1-ви септември 2026-та година и завршува на 30–ти декември 2026-та год.
- **Второто полугодие** започнува на 21-ви јануари 2027-ма година и завршува на 10-ти јуни 2027-ма год.

ООУ "Методи Митевски-Брицо" Лозово
Учебна 2026/27 година

Согласно Законот за празниците на Република Северна Македонија во 2026/2027- ма година неработни денови во нашето училиште се:

- 8 Септември (Вторник) - Денот на независноста на Р.С.Македонија - неработен ден
- 11 Октомври (Недела) – Ден на народното востание на Р.С.Македонија – неработен ден (понеделник)
- 23 Октомври(петок) - Ден на македонската револуционерна борба - неработен ден
- 8 Декември(вторник) - Св. Климент Охридски - неработен ден
- 9 Март (вторник) – Рамазан Бајрам – неработен ден
- 9 Април (петок) – Патронен празник на училиштето
- 30 Април (петок) – Велики Петок – неработен ден
- 3 Мај (понеделник) – Прв ден Велигден – неработен ден
- 24 Мај (понеделник) - Денот на сесловенските просветители " Св.Кирил и Методиј " - неработен ден

ООУ "Методи Митевски-Брицо" Лозово
Учебна 2026/27 година

Одбележувањето на значајните датуми ќе се реализира со читање реферати и соопштенија, уредување на училишниот хол, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности во училиштето и локалната средина.

понеделници	**34**
вторници	**36**
среди	**38**
четвртоци	**38**
петоци	**34**
ВКУПНО	**180**

Изработил:
Педагог - Ивана Цековски

_____

Прилог број 48

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ

2026/2027 година

ЦЕЛИ	СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ	РЕАЛИЗАТОР	ВРЕМЕ	ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ
Креирање на политика за работа со ученици со посебни образовни потреби	-Формирање на тим за инклузија на учениците со ПОП -Изготвување на годишна програма за работа на тимот за инклузија	Стручни соработници Одд. наставници Одд.раководители	Август	Успешна Реализација н планираните активности
Запознавање со бројот на ученици со ПОП -видот и степен на попреченост	-Разговори со одд.наставници од I одд.и одд.раководители VI одд. деветгод. образ.	Стручни соработници Одд. наставници	Септември	Преглед и евиденција на учениците и в попреченост
Индивидуализирање и прилагодување на наставните содржини согласно способностите на учениците	Изработка на индивидуални образовни планови (долгорочни, среднорочни и краткорочни) за работа соучениците со ПОП - Диференциран пристап во работата	Одд. наставници Одд.раководители Стручни соработници	Октомври	- Успешна реализација н наставната пр со сите ученици - Континуиран следење на постигањата
Следење на степенот на инклузираноста на	-опсервација и разговор со наставници,			Подобрување социјализаци овие ученици

учениците со ПОП во наставно-образовниот процес	родители и ученици			
Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП (прв квалификационен период)	- Евиденција на успехот и редовноста - Користење на инструменти за следење и вреднување	Одд. наставници Одд.раководители Стручни соработници	Ноември	- Проценка на постигањата - Ревизија и дополнување индивидуални образовен пла Определување соодветни форми/метод работа
Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето	Сов.консул.разговори со родителите, одд.настваници, одд.ракововодители и учениците,	Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители и предметни наставници	Декември	- Подобрување постигањата
Непосредна работа на дефектологот со учениците со ПОП	-Вежби за реедукација на психомоторика -класичен дефектолошки третман - вежби за говорната оспособеност на ученикот - вежби за дискалкулија, дислексија, дисграфија - работа со учениците за совладување на одредени наставни содржини преку диференциран пристап	Дефектолог	Во тек на годината	
Следење на индивидуалните постигања на учениците со	- Евиденција на успехот и редовноста -	Одд. наставници, одд.раководители и стручнисоработници	Јануари Февруари	- Проценка на постигањата -

посебни потреби (крај на прво полугодие)	Користење на инструменти за следење и вреднување			Дополнување индивидуалн образовен план - Изнаоѓањена соодветни форми и методи за раб
- Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со ПОП	Разговори со Учениците на одд.часови - Разговори со Родителите на родителски и индивидуални средби	Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители и предметни наставници	Во тек на годината	- Развивање на позитивниста кај учениците посебниобраз потреби - Вклучувањена децатасопосеб образовнипот волокалната заедница
Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (трет квалификационен период)	- Следење на успехот и редовноста -Користење на инструменти за следење и вреднување	Одд. Наставници Одд.раководители Стручни соработници	Април	- Проценка на постигањата и однесувањето - Изнаоѓање на соодветни фо методи за раб
Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби	Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби согласно прилагодените индивидуални планови	Одд. Наставници Одд. раководители Стручни соработници	Мај	Развивање на стратегии за користење на индивидуалн инструменти критериуми п вреднување н постигањата н ученици
Професионална	-	Одд. Наставници	Мај	Правилен изб

ориентација на учениците со ПОП од деветто одделение	советување и разговор со родители - разговор и советување на ученикот со ПОП	Одд.раководители Стручни соработници		занимање (запишување средно учили
Соработка со надлежни институции Завод за ментално здравје, Клиника за детски болести,Завод за слух, говор и глас, Клиника за психијатрија итн.)		Одд. Наставници Одд.раководители Стручни соработници	Во тек на годината	Помош и подд на наставниц родителите и учениците во процесот на инклузивната
Унапредување на воспитно-образовната работа со учениците со ПОП	-спроведување на интерни обуки за наставниците за изработка на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП	Дефектолог	Во текот на целата година	Повисоки пос на учениците
Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со децата со посебни образовни потреби	-Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови -Изготвување на развоен план за работа со овие ученици во идната учебна година	Стручни соработници Одд. наставн ици Одд.раководители	Јуни	Проценка на ефектите и постигнатоста планиранит воспитно образовниот со овие деца

Изработил-дефектолог-Виолета Сачевска

Прилог 49

ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА ГРАДИНА

Учебна година: 2026/2027

Месец	Планирани активности – што се сади/сее и како	Потребни материјали и средства	Носители/реализатори	Цели и очекувани исходи	Начин на следење/евалуација	Очекувани резултати
Септември	Чистење и подготовка на градината и пластеникот; отстранување плевел и суви остатоци; прекопување и подготовка на леи; сеење ротквица, зелена салата, спанаќ и рукола; обележување на леите.	Рачни алати, мотики, гребла, лопати, ракавици, канап, семе, садови за расад, органско ѓубриво, вода, ознаки.	Одделенски інаставници; ученици; наставник/координатор за активности во градината.	Развивање работни навики, одговорност и соработка; запознавање со условите потребни за раст и развој на растенијата.	Набљудување, фотографии, кратки белешки и евиденција на реализираните активности.	Подготвена градина и пластеник; посеани есенски култури; учениците активно учествуваат.
Октомври	Нега на посевите; редовно полевање, плевење и проветрување; дополнително сеење спанаќ, зелена салата, ротквица и кромид; започнување подготовка на компост.	Семе, вода, канти, рачни алати, ракавици, компостер/сад за компост, ознаки.	Одделенски наставници; ученици; координатор.	Разбирање на потребата од редовна грижа за растенијата; рационално користење на водата; правилно постапување со органскиот отпад.	Следење на растот; евиденција на полевање и активности; ученички записи.	Здрави посеви; воспоставена грижа за градината; започнат процес на компостирање.
Ноември	Следење на растот; плевење и разредување; заштита од ниски температури; берба на пристигнатите култури.	Рачни алати, ракавици, вода, материјал за заштита, корпи/гајби.	Одделенски наставници; ученици.	Следење на промените кај растенијата; развивање истрајност, прецизност и одговорност.	Набљудување, фотографии, бележење на промените и количината на берба.	Одржани посеви; реализирана прва берба каде што има услови.
Декември	Нега на растенијата во пластеникот; контрола на влажност и проветрување; берба на зелена салата, спанаќ и ротквица каде што има услови; зимска заштита.	Канти за вода, рачни алати, ракавици, корпи, термометар, материјал за заштита.	Одделенски наставници; ученици; координатор.	Препознавање на потребите на растенијата во зимски услови; развивање грижа и одговорност.	Редовно набљудување; мерење/запишување температура; фото-документација.	Зачувани и одржани растенија во пластеникот; учениците ги препознаваат зимските услови.
Јануари	Следење на состојбата во пластеникот; контрола на влажност и температура; отстранување оштетени листови и плевел; планирање на пролетната градина.	Термометар, ракавици, рачни алати, тетратка за евиденција, план на градината.	Одделенски наставници; ученици.	Развивање истражувачки способности; набљудување и бележење промени; разбирање на сезонските влијанија.	Ученички записи, табела за набљудување, дискусија.	Изработен основен план за пролетни насади; редовно следење на пластеникот.
Февруари	Подготовка на расад за домати, пиперки, зелка и брокула; сеење во садови; обезбедување светло, топлина и влага.	Семе, саксии/садови, почва/супстрат, вода, етикети, ракавици.	Одделенски наставници; ученици; координатор.	Разбирање на патот од семе до растение; следење на никнувањето; развивање трпеливост и внимателност.	Следење на никнување; мерење/бележење; фотографии.	Подготвен расад; учениците ги препознаваат фазите на никнување и развој.
Март	Подготовка на почвата; сеење морков, грашок, кромид, зелена салата, ротквица и	Семе, мотики, гребла, лопати, канап, колци, ракавици, вода, компост, ознаки.	Одделенски наставници; ученици.	Стекнување практични знаења за директно сеење;	Набљудување, евиденција на посеаните култури и ученички активности.	Посеани пролетни култури; уредни и обележани леи.

Месец	Планирани активности – што се сади/сее и како	Потребни материјали и средства	Носители/реализатори	Цели и очекувани исходи	Начин на следење/евалуација	Очекувани резултати
	магдонос; нега на расад; обележување на леите.			разликување семиња и растенија; развивање тимска работа.		
Април	Пресадување расад од домати, пиперки, зелка и брокула; садење тиквички и краставици; редовно полевање и плевење.	Расад, семе, лопати, мотики, ракавици, вода, компост, канап и потпори.	Одделенски наставници; ученици; координатор.	Совладување на постапката на пресадување; разбирање на растојанието меѓу растенијата; грижа за живиот свет.	Практична проверка; набљудување; фото-документација.	Успешно засадени пролетни култури; учениците самостојно изведуваат едноставни активности.
Мај	Интензивна нега; плевење, полевање и органска прихрана; поставување потпори за домати и краставици; следење на цветови и плодови.	Вода, канти/црево, ракавици, мотики, канап, колци, органско ѓубриво, садови за берба.	Одделенски наставници; ученици; координатор.	Следење на развојот од цвет до плод; развивање работни навики, соработка и свест за одржливо производство.	Набљудување; евиденција на растот; фотографии; ученички белешки.	Добро одржувана градина; појава на цветови и први плодови.
Јуни	Берба на зелена салата, ротквица, грашок, кромид, тиквички и првите домати/краставици според условите; сортирање и мерење принос; собирање семе каде што е соодветно; чистење.	Корпи/гајби, вага, ракавици, ножици, етикети, тетратка за евиденција.	Одделенски наставници; ученици; координатор.	Согледување на резултатот од вложениот труд; мерење, споредување и евидентирање; развивање позитивен однос кон тимскиот успех.	Мерење на принос; табела; фотографии; завршна ученичка рефлексија.	Реализирана берба; евидентиран принос; учениците го согледуваат резултатот од својата работа.
Јули–Август	Доколку има услови: полевање и основна нега; планирање на есенските култури; подготовка на семе и материјали за следната учебна година.	Вода, црево/систем за наводнување, ракавици, семе, садови за складирање, етикети.	Определени вработени/дежурни лица согласно организацијата на училиштето.	Одржување на градината; продолжување на стекнатите навики; подготовка за следната учебна година.	Евиденција на одржувањето и состојбата на градината.	Зачувана градина и подготвени материјали/план за новата учебна година.

Општи цели на планот

- Развивање еколошка свест и позитивен однос кон природата.
- Стекнување практични знаења за сеење, садење, пресадување, полевање, нега и берба.
- Поттикнување одговорност, самостојност, истрајност и работни навики.
- Развивање тимска работа, соработка и меѓусебна помош.
- Поврзување на практичната работа со наставните содржини по Природни науки, Математика, Општество, Македонски јазик, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование Биологија,Хемија, Физика, Претприемаштво и иновации и сл.
- Развивање свест за здрава исхрана, рационално користење на водата и одржливо производство.

Безбедност при реализација

Сите активности ќе се реализираат под надзор на наставници и во согласност со возраста и можностите на учениците. Ќе се користи соодветен и безбеден прибор, а учениците ќе бидат запознаени со правилата за безбедна работа, хигиена и одговорно однесување при работа во градината.

Следење и евалуација

Следењето на реализацијата ќе се врши преку набљудување на ангажираноста на учениците, водење евиденција за реализираните активности, фотографии и ученички изработки, дневник на училишната градина и разговори со учениците.

На крајот од учебната година ќе се направи кратка евалуација на реализираните активности, постигнатите резултати и предизвиците, со цел подобрување и унапредување на програмата во наредната учебна година.

Напомена: Времето на сеење и садење може да се прилагодува во зависност од временските услови, климатските карактеристики и условите во пластеникот.

Изработиле:

Валентина Витева

Јелена Панева